**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен завод за статистика**
**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**State Statistical Office**

**Класификации, методологии, номенклатури и стандарди**

# МЕТОДОЛОГИЈА НА СТАТИСТИКАТА ЗА СТОКОВНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

**7.8.6.01**

Скопје, 2006 година

**Издавач:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ул. "Даме Груев" бр.4, Скопје

**Телефон:**+389/02/3295-600
**Факс:**+389/02/3111-336

**WEB-страница**: http://www.stat.gov.mk

**Одговара**
м-р Благица Новковска, директор

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

311.2:339.56

МЕТОДОЛОГИЈА на статистиката за стоковниот промет со странство. - Скопје : Државен завод за статистика на Република Македонија, 2006. - 51 стр. : табели ; 30 см. - (Класификации, методологии, номенклатури и стандарди / Државен завод за статистика на Република Македонија, ISSN 1409-7044)

ISBN 9989-167-67-2

а) Статистичка методологија - Надворешнотрговска размена
COBISS.MK-ID 67935754

## ПРЕДГОВОР

Во ова издание Државниот завод за статистика го објавува методолошкото упатство за редовното месечно истражување “Стоковен промет со странство”. Со ова статистичко истражување се опфатени сите елементи на статистичкото истражување за стоковниот промет со странство, а тоа се методолошките основи на истражувањето, организацијата на истражувањето, обработката и публикувањето на податоците.

Ова методолошко упатство е дополнето издание на Методологијата на статистиката за надворешната трговија, издадена во 1998 година од страна на Државниот завод за статистика. Во неа се усвоени основните стандарди, дефиниции и препораки од ООН и статистичката служба на ЕУ - Еуростат, прилагодени кон економската политика и правниот систем на нашата земја.

Ова методолошко упатство е наменето на учесниците во реализацијата на овие статистички истражувања и на корисниците на статистички податоци. Заводот за статистика се заблагодарува на Царинската управа, Народната банка, Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, кои со својата стручност, од доменот на своето работење, дадоа придонес во подготвувањето на овој методолошки материјал.

**Скопје, 2006 година**

**Директор**
**м-р Благица Новковска**

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ..... 3

ВОВЕД ..... 5

**ГЛАВА I**

ПРАВЕН ОСНОВ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 6

**ГЛАВА II**

ЦЕЛ НА СТАТИСТИКАТА ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА ..... 7

МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ..... 7

ПРЕДМЕТ И ОПФАТ ..... 7

ЕДИНИЦА НА НАБЉУДУВАЊЕ ..... 8

ТЕРИТОРИЈА ..... 8

ВРЕМЕ НА НАБЉУДУВАЊЕ И ОБРАБОТКА ..... 9

ИЗВОРЕН ДОКУМЕНТ ..... 9

КЛАСИФИКАЦИИ И НОМЕНКЛАТУРИ ..... 9

- КЛАСИФИКАЦИИ И НОМЕНКЛАТУРИ НА СТОКИТЕ ..... 9
- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ ..... 10
- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈИ ..... 10
- ОСТАНАТИ КЛАСИФИКАЦИИ ..... 16

РЕГИСТРИРАЊЕ НА ЗЕМЈАТА-ПАРТНЕР ..... 16

ИСКАЖУВАЊЕ НА КОЛИЧЕСТВАТА НА СТОКИТЕ ..... 17

ОПФАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ИЗВОЗОТ И ВО УВОЗОТ ..... 19

СТАТИСТИЧКА ВРЕДНОСТ ..... 19

**ГЛАВА III**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 20

УПОТРЕБА И НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РУБРИКИТЕ ВО ЕДИНСТВЕНИОТ ЦАРИНСКИ ДОКУМЕНТ ..... 20

**ГЛАВА IV**

СТАТИСТИЧКО СЛЕДЕЊЕ НА СТОКОВНАТА РАЗМЕНА СО СТРАНСТВО ..... 43

**ГЛАВА V**

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ ИНДЕКСИ НА ЦЕНИ И ВОЛУМЕН НА ИЗВЕЗЕНАТА И УВЕЗЕНАТА СТОКА ..... 45

**ПРИЛОГ 1: ИЗЛЕЗНИ ТАБЕЛИ** ..... 51

## ВОВЕД

Податоците за стоковниот промет со странство се двојно значајни: од аспект на домашната економија тие содржат информации за намалувањето, односно зголемувањето на материјалните ресурси по основ на извозот, односно увозот на стоки и од аспект на светската економија, овие податоци зборуваат за учеството на нашата земја во меѓународната поделба на трудот.

Развојот на светската економија доведе и до интензивен развој на економските односи меѓу земјите. Потребата од нивно детално следење и меѓусебно споредување укажа на неопходноста од формирање на одредени стандарди и дефиниции кон кои ќе се придржуваат сите земји. Така, статистичкиот завод на ООН објави публикација под наслов "Статистика на надворешната трговија - концепти и дефиниции" што ги содржи препораките за дефинирање и статистичко следење на стоковните текови во меѓународната размена.

Државниот завод за статистика на Република Македонија ги применува основните статистички стандарди, дефиниции и препораки на ООН во следењето на стоковната размена со странство. Меѓутоа, основата на статистиката на стоковниот промет со странство ја детерминираат и конкретната економска политика и правниот систем на земјата.

## ГЛАВА I

## ПРАВЕН ОСНОВ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Статистичките истражувања на прометот на стоки со странство се врши според Методологијата на статистиката за стоковниот промет со странство објавена од Државниот завод за статистика во 1998 година.

Основните принципи, стандарди и процедури за спроведување на статистичкото истражување на прометот на стоки со странство, се базираат врз препораките на Обединетите нации за концептите и дефинициите на статистиката на надворешната трговија[1)], врз кои се базира и методологијата за надворешно-трговскиот промет на статистичката служба на Европската унија (ЕУРОСТАТ), и на одредби од Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија”, бр.39/05), Законот за Царинската тарифа (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 23/03 и 69/04), Законот за трговија (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 15/04), и Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат во царинските постапки (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 97/05).

[1)] *“International Trade Statistics: Concepts and definitions” United Nations Statistical Papers, Series M, No.52, Rev 1 New York, 1982)*

## ГЛАВА II

### ОСНОВНИ СТАНДАРДИ НА СТАТИСТИКАТА НА ИЗВОЗ И УВОЗ НА СТОКИ

### ЦЕЛ НА СТАТИСТИКАТА ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Целта на статистичкото истражување на прометот на стоки со странство, е обработка, анализа и прикажување на податоците во надворешно-трговската дејност со што се овозможува проучување на динамиката и структурата на надворешно-трговскиот промет од стоковна гледна точка. Односно, статистиката за надворешната трговија има за цел да обезбеди адекватни, конзистентни, ажурни, точни и лесно достапни податоци и информации од оваа област, а со цел задоволување на потребите на сите општествени субјекти, научни установи и институции, меѓународни статистички и други организации.

### МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ

Постојат два принципа на обработка и публикување на надворешно-трговските податоци: принцип на специјална трговија и принцип на општа трговија.

**Принципот на специјална трговија** се базира на концептот на поминување на стоките на царинската граница. Според принципот на специјална трговија, во извозот се опфаќа сета стока извезена во странство и во странските царински складишта и комерцијалните слободни зони, а што потекнува од домашниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони. Во увозот се опфаќаат сите стоки, без разлика дали се увезени директно од странство, од царински транзит или од царински складишта и комерцијални слободни зони. Ова значи дека во увозот се опфаќа сета стока што **е оцаринета** и пуштена во слободен промет, во индустриските слободни зони и е увезена заради облагородување.

**Принципот на општа трговија** се базира на концептот на преминување на стоките на државните граници. Според принципот на општа трговија, во извозот се опфаќа сета стока што потекнува од домашниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување, индустриските слободни зони, царинските складишта и комерцијалните слободни зони наменети за странство. Во увозот се опфаќа стоката што е увезена од странство и царинскиот транзит и е наменета за домашниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување, индустриските слободни зони, царинските складишта и комерцијалните слободни зони.

### ПРЕДМЕТ И ОПФАТ

Во статистичкото истражување на прометот на стоки со странство, податоците се обработуваат и објавуваат според принципот на специјална трговија.

Покрај комерцијалниот промет се опфаќаат и стоките чиј што промет, односно извоз/увоз се врши без плаќање на противвредноста. Имајќи го ова во предвид, **статистичкото истражување на прометот на стоки со странство опфаќа:**

- немонетарно злато;
- банкноти и монети што не се во оптек и хартии од вредност што не се во оптек;
- редовен (комерцијален) извоз и увоз на стоки што претставуваат стоковни трансакции врз основа на комерцијален заклучок, со плаќање на противвредност;
- извоз и увоз на стоки за комисиона продажба;
- извоз и увоз на електрична енергија, вода и гас;
- извоз и увоз на поштенски пратки што се плаќаат;
- извоз на домашни стоки наменети за снабдување на странски бродови и авиони;
- извоз на стоки заради инвестициона изградба во странство;
- извоз на стоки што нашата земја му ги дава на странство како помош и увоз на стоки што ги прима како помош од странство;
- извоз и увоз на стоки на име на органите на управа и Владата на Република Македонија;

• извоз и увоз на подарени и други бесплатни пратки;
• извоз и увоз на стопански инвентар на иселениците и доселениците;
• извоз на стоки во странство заради облагородување (обработка, доработка и преработка);
• извоз на стоки во странство по извршеното облагородување во земјата;
• увоз на стоки заради облагородување;
• увоз на стоки по извршеното облагородување во странство;
• стоки на финансиски лизинг;
• бродови, авиони и друга мобилна опрема;
• извоз и увоз што го вршат непосредно физички лица;
• стоки што како непродадени или несоодветни се враќаат во земјата.

Вредноста на стоката за облагородување се пресметува на бруто-основа пред и по извршеното облагородување.

**Статистичкото истражување на прометот на стоки со странство не ги опфаќа** следните трансакции што се предмет на царинската евиденција:

• монетарно злато;
• монети и банкноти што се во оптек и хартии од вредност во оптек;
• снабдување со гориво на домашни моторни возила во странство и странски моторни возила во земјата;
• снабдување на дипломатски претставништва во странство;
• снабдување на домашни бродови и авиони во странство;
• личен багаж на патници и туристички подвижни предмети, вклучувајќи и возила;
• комерцијални мостри со мала вредност;
• стоки увезени во оперативен лизинг;
• стоки привремено извезени или увезени што не се предмет на комерцијални трансакции и за кои се очекува по одредено време да бидат вратени без никакви промени освен нормалната амортизација заради употребата на стоките (на пример: изложбена опрема за трговски саеми и изложби, комерцијални мостри, педагошки материјал, животни за приплод, стоки за шоу или трки, амбалажа, транспортни средства, контејнери и опрема поврзана со транспорт);
• стоки во транзит;
• стоки што се доставуваат во земјата, а за потребите на меѓународните организации и дипломатски претставништва;
• трансакции со нефинансиски средства (пренос на сопственост) што не вклучуваат минување на граница;
• стоки уништени или загубени пред влегувањето во земјата;
• стоки за поправка;
• реекспорт - извоз на стоки што биле увезени заради повторен извоз во непроменета или битно непроменета состојба.

## ЕДИНИЦА НА НАБЉУДУВАЊЕ

Единица на набљудување во статистиката на надворешната трговија е секоја стоковна испорака што се врши во рамките на извозот, односно увозот на стоки, која што мора да биде хомогена од гледна точка на видот на стоката, земјата на потекло, односно намената, начинот на плаќање и моментот на минување на границата.

## ТЕРИТОРИЈА

Територијата на набљудување во статистиката на надворешната трговија, е економската територија, која во основа се совпаѓа со царинското подрачје.

## ВРЕМЕ НА НАБЉУДУВАЊЕ И ОБРАБОТКА

Статистичката обработка на податоците за извозот и увозот се врши месечно и годишно.

Податоците за извозот и увозот се распоредуваат во месецот во кој е извршена трансакцијата според времето на приемот на образецот за единствен царински документ. Месечните податоци за тековната година се дополнуваат и коригираат тековно. Со првата обработка на податоците се опфаќаат околу 95% од вкупните податоци. Податоците што дополнително ќе се опфатат и сите корекции во податоците, се вклучуваат во месецот на набљудување според датумот на приемот на образецот за единствениот царински документ. Поради тоа податоците во текот на годината се третираат како претходни, сé до публикувањето на дефинитивните податоци.

## ИЗВОРЕН ДОКУМЕНТ

Изворен документ за статистичко следење на извозот и увозот на стоки е **Единствениот царински документ**, чија содржина е прилагодена на неговата повеќестрана намена. Во документот се впишуваат податоци значајни за самата царинска постапка, како и податоци за потребите на статистичката обработка на податоците и за органите и системите на банките.

Според Царинскиот закон, декларацијата ја поднесува декларант. Декларант е лице кое ја поднесува царинска декларација во свое име или лице во чие име се поднесува царинската декларација

Содржината, формата и начинот на пополнување на единствениот царински документ се пропишани со Прирачникот за пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат во царинските постапки.

Со цел да се обезбеди целосен опфат на податоците за стоковниот промет со странство во оние случаи кога одредени податоци не се опфаќаат со единствениот царински документ треба да се користат дополнителни извори (на пр. административни документи).

## КЛАСИФИКАЦИИ И НОМЕНКЛАТУРИ

**Во статистиката на надворешна трговија се применуваат следниве класификации и номенклатури:**

**- КЛАСИФИКАЦИИ И НОМЕНКЛАТУРИ НА СТОКИТЕ**

Податоците се собираат според царинската номенклатура, а според неа се врши и распоредувањето на стоките при извозот и увозот.

Обработката и објавувањето на податоците се врши според следните класификации и номенклатури:

**-** *Царинската номенклатура базирана врз Хармонизираниот систем на шифрените ознаки и називи на стоките (ХС).*

Советот за царинска соработка го разви Хармонизираниот систем на називи и шифри на стоки, што се базира на Бриселската Конвенција за хармонизиран систем и втората ревизија на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација).

Целта на ХС е да се олесни опишувањето и кодирањето на производите во сите документи врзани за меѓународниот промет, односно за потребите на царината, транспортерите, магацините, администрацијата и сл.

Највисоко ниво на агрегирање претставува дваесет и едната глава со следнава структура:

I - IV - Земјоделски производи

V - VII - Минерали, хемиски и сродни производи, пластика, гума и производи од нив

VIII - X - Животински производи како што се кожа, крзна, како и дрво, плута, слама, хартија и производи од нив

XI - XII - Текстил, обувки, шапки

XIII - XV - Стоки добиени од минерални материи, бисери, бесценети камења, благородни метали, накит, метални пари, прости метали и артикли од нив

XVI - Машини, апарати и електрична опрема

XVII - Возила, воздухоплови, пловила и придружна транспортна опрема

XVIII - Оптички, фотографски, кинематографски, мерни, контролни, прецизни, медицински и хируршки инструменти и апарати, часовници, музички инструменти, нивни делови и прибор

XIX - Оружје и муниција

XX - XXI - Разни производи

*- Стандардна меѓународна трговска класификација (СМТК)*

Основна класификација во статистиката на надворешната трговија е Стандардната меѓународна трговска класификација (СМТК) од Организацијата на Обединетите нации. Таа е хиерархиска, економска класификација на производите што учествуваат во стоковната размена меѓу земјите.

Хиерархиската структура на класификацијата, според местата на шифрите, го има следниов редослед:

| | |
|---|---|
| Сектори | X |
| Отсеци | XX |
| Групи | XXX |
| Подгрупи | XXX-X |
| Позиции | XXX-XX |

Највисоко ниво на агрегирање претставуваат десетте сектори што се кодирани со едноцифрени броеви од 0 до 9:

0 - Храна и живи животни;

1 - Пијалаци и тутун;

2 - Сурови материи што не се јадат, освен горива;

3 - Минерални горива, мазива и сродни производи;

4 - Масла, масти и восоци од животинско или растително потекло;

5 - Хемиски производи;

6 - Индустриски производи, распределени според видот на суровината;

7 - Машини и транспортни средства;

8 - Разни готови производи;

9 - Производи и трансакции, неспоменати на друго место.

Секторите натаму се делат на отсеци што се кодирани со две цифри од кои првата го означува секторот на кој му припаѓа. Отсекот го чинат групи што се делат на подгрупи и позиции. Според СМТК рев.1, утврдени се 1312 позиции, според СМТК рев.2-1918 позиции, според СМТК рев.3 утврдени се 3118 позиции, а според СМТК рев.4 утврдени се 2970 позиции . Оправданоста на една позиција, според групата експерти на статистичката комисија на ООН, е одредена со најмалку 0.004% учество во вкупниот износ на светската трговија.

**- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ**

*Национална класификација на дејности (НКД)*

- Производите што се извезуваат и увезуваат се распределуваат според производниот принцип, т.е. во област, гранка и подгрупа на НКД, во која претежно се произведуваат.

**- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈИ**

Во надворешната трговија се применува класификација на земји според стандардите на Меѓународната организација за стандарди -3166 ИСО алфа -2 код. Економските групации на земјите се подготвени врз основа на рангирањето на Светска Банка кое е вршено според висината на БДП по жител (пресметана според “World Bank Atlas method”) и надворешната задолженост на земјата. Развиените земји се со БДП по жител во износ од над 10 000 САД$, земјите во развој се со БДП по жител во износ од 826 до 10 000 САД $ и неразвиените земји се со БДП по жител од 825 САД $ или помалку.

| Алфа 2 код | Алфа нумерички код | Земја-назив | Економска групација (Светска банка) | Континент |
|---|---|---|---|---|
| AD | 20 | Андора | Други развиени земји | Европа |
| AE | 784 | Обединети Арапски Емирати | Други развиени земји | Азија |
| AN | 532 | Холандски Антили | Други развиени земји | Америка |
| AU | 36 | Австралија | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| AW | 533 | Аруба | Други развиени земји | Америка |
| BH | 48 | Бахреин | Други развиени земји | Азија |
| BM | 60 | Бермуди | Други развиени земји | Америка |
| BN | 96 | Брунеи | Други развиени земји | Азија |
| BS | 44 | Бахамски Острови | Други развиени земји | Америка |
| BV | 74 | Буве | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| CA | 124 | Канада | Други развиени земји | Америка |
| CK | 184 | Кукови Острови | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| FK | 238 | Фолкландски Острови | Други развиени земји | Америка |
| FO | 234 | Фарски Острови | Други развиени земји | Европа |
| GF | 254 | Француска Гвајана | Други развиени земји | Америка |
| GI | 292 | Гибралтар | Други развиени земји | Европа |
| GL | 304 | Гренланд | Други развиени земји | Америка |
| GP | 312 | Гваделуп | Други развиени земји | Америка |
| GU | 316 | Гуам | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| HK | 344 | Хонг Конг | Други развиени земји | Азија |
| IL | 376 | Израел | Други развиени земји | Азија |
| IM | 833 | Човечки остров | Други развиени земји | Европа |
| JP | 392 | Јапонија | Други развиени земји | Азија |
| KR | 410 | Јужна Кореја | Други развиени земји | Азија |
| KW | 414 | Кувајт | Други развиени земји | Азија |
| KY | 136 | Кајмански Острови | Други развиени земји | Америка |
| MC | 492 | Монако | Други развиени земји | Европа |
| MO | 446 | Макао | Други развиени земји | Азија |
| MS | 500 | Монсерат | Други развиени земји | Америка |
| NC | 540 | Нова Каледонија | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| NF | 574 | Норфолк Остров | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| NN | 0 | Каналски Острови | Други развиени земји | Останати |
| NZ | 554 | Нов Зеланд | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| PF | 258 | Француска Полинезија | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| PR | 630 | Порто Рико | Други развиени земји | Америка |
| QA | 634 | Катар | Други развиени земји | Азија |
| SA | 682 | Саудиска Арабија | Други развиени земји | Азија |
| SG | 702 | Сингапур | Други развиени земји | Азија |
| SH | 654 | Света Елена | Други развиени земји | Африка |
| SJ | 744 | Свалбард | Други развиени земји | Европа |
| SM | 674 | Сан Марино | Други развиени земји | Европа |
| TW | 158 | Тајван | Други развиени земји | Азија |
| US | 840 | САД | Други развиени земји | Америка |
| VA | 336 | Ватикан | Други развиени земји | Европа |
| VG | 92 | Британски Девствени Острови | Други развиени земји | Америка |
| VI | 850 | Девствени Острови на Обединетите Држави | Други развиени земји | Америка |
| WK | 872 | Вејк Остров | Други развиени земји | Австралија и Океанија |
| CH | 756 | Швајцарија | ЕФТА | Европа |
| IS | 352 | Исланд | ЕФТА | Европа |

| Алфа 2 код | Алфа нумерички код | Земја-назив | Економска групација (Светска банка) | Континент |
|---|---|---|---|---|
| LI | 438 | Лихтенштајн | ЕФТА | Европа |
| NO | 578 | Норвешка | ЕФТА | Европа |
| AT | 40 | Австрија | ЕУ | Европа |
| BE | 56 | Белгија | ЕУ | Европа |
| CY | 196 | Кипар | ЕУ | Европа |
| CZ | 200 | Чешка | ЕУ | Европа |
| DE | 280 | Германија | ЕУ | Европа |
| DK | 208 | Данска | ЕУ | Европа |
| EE | 233 | Естонија | ЕУ | Европа |
| ES | 724 | Шпанија | ЕУ | Европа |
| FI | 246 | Финска | ЕУ | Европа |
| FR | 250 | Франција | ЕУ | Европа |
| GB | 826 | Велика Британија | ЕУ | Европа |
| GR | 300 | Грција | ЕУ | Европа |
| HU | 348 | Унгарија | ЕУ | Европа |
| IE | 372 | Ирска | ЕУ | Европа |
| IT | 380 | Италија | ЕУ | Европа |
| LT | 440 | Литванија | ЕУ | Европа |
| LU | 442 | Луксембург | ЕУ | Европа |
| LV | 428 | Латвија | ЕУ | Европа |
| MT | 470 | Малта | ЕУ | Европа |
| NL | 528 | Холандија | ЕУ | Европа |
| PL | 616 | Полска | ЕУ | Европа |
| PT | 620 | Португалија | ЕУ | Европа |
| SE | 752 | Шведска | ЕУ | Европа |
| SI | 705 | Словенија | ЕУ | Европа |
| SK | 902 | Словачка | ЕУ | Европа |
| AF | 4 | Авганистан | Неразвиени земји | Азија |
| BD | 50 | Бангладеш | Неразвиени земји | Азија |
| BF | 854 | Буркина Фасо | Неразвиени земји | Африка |
| BI | 108 | Бурунди | Неразвиени земји | Африка |
| BJ | 204 | Бенин | Неразвиени земји | Африка |
| BT | 64 | Бутан | Неразвиени земји | Азија |
| CF | 140 | Централна Африканска Република | Неразвиени земји | Африка |
| CG | 178 | Конго | Неразвиени земји | Африка |
| CI | 384 | Брегот на Слоновата Коска | Неразвиени земји | Африка |
| CM | 120 | Камерун | Неразвиени земји | Африка |
| ER | 232 | Еритреја | Неразвиени земји | Африка |
| ET | 230 | Етиопија | Неразвиени земји | Африка |
| GH | 288 | Гана | Неразвиени земји | Африка |
| GM | 270 | Гамбија | Неразвиени земји | Африка |
| GN | 324 | Гвинеја | Неразвиени земји | Африка |
| GW | 624 | Гвинеја Бисао | Неразвиени земји | Африка |
| HT | 332 | Хаити | Неразвиени земји | Америка |
| IN | 356 | Индија | Неразвиени земји | Азија |
| KE | 404 | Кенија | Неразвиени земји | Африка |
| KG | 417 | Киргистан | Неразвиени земји | Азија |
| KH | 116 | Камбоџа | Неразвиени земји | Азија |
| KM | 174 | Коморски Острови | Неразвиени земји | Африка |
| KP | 408 | Северна Кореја | Неразвиени земји | Азија |
| LA | 418 | Лаос | Неразвиени земји | Азија |

| Алфа 2 код | Алфа нумерички код | Земја-назив | Економска групација (Светска банка) | Континент |
|---|---|---|---|---|
| LR | 430 | Либерија | Неразвиени земји | Африка |
| LS | 426 | Лесото | Неразвиени земји | Африка |
| MD | 498 | Молдавија | Неразвиени земји | Европа |
| MG | 450 | Мадагаскар | Неразвиени земји | Африка |
| ML | 466 | Мали | Неразвиени земји | Африка |
| MM | 104 | Мајнмар (Бурма) | Неразвиени земји | Азија |
| MN | 496 | Монголија | Неразвиени земји | Азија |
| MR | 478 | Мавританија | Неразвиени земји | Африка |
| MW | 454 | Малави | Неразвиени земји | Африка |
| MZ | 508 | Мозамбик | Неразвиени земји | Африка |
| NE | 562 | Нигер | Неразвиени земји | Африка |
| NG | 566 | Нигерија | Неразвиени земји | Африка |
| NI | 558 | Никарагва | Неразвиени земји | Америка |
| NP | 524 | Непал | Неразвиени земји | Азија |
| PG | 598 | Папуа и Нова Гвинеја | Неразвиени земји | Австралија и Океанија |
| PK | 586 | Пакистан | Неразвиени земји | Азија |
| RW | 646 | Руанда | Неразвиени земји | Африка |
| SB | 90 | Соломонски Острови | Неразвиени земји | Австралија и Океанија |
| SD | 736 | Судан | Неразвиени земји | Африка |
| SL | 694 | Сиера Леоне | Неразвиени земји | Африка |
| SN | 686 | Сенегал | Неразвиени земји | Африка |
| SO | 706 | Сомалија | Неразвиени земји | Африка |
| ST | 678 | Сао Томе и Принципи | Неразвиени земји | Африка |
| TD | 148 | Чад | Неразвиени земји | Африка |
| TG | 768 | Того | Неразвиени земји | Африка |
| TJ | 762 | Таџикистан | Неразвиени земји | Азија |
| TP | | Тимор - Лест | Неразвиени земји | Останати |
| TV | 798 | Тувалу | Неразвиени земји | Австралија и Океанија |
| TZ | 834 | Танзанија | Неразвиени земји | Африка |
| UG | 800 | Уганда | Неразвиени земји | Африка |
| UZ | 860 | Узбекистан | Неразвиени земји | Азија |
| VN | 704 | Виетнам | Неразвиени земји | Азија |
| YE | 886 | НДР Јемен | Неразвиени земји | Азија |
| ZM | 894 | Замбија | Неразвиени земји | Африка |
| ZR | 180 | Конго | Неразвиени земји | Африка |
| ZW | 716 | Зимбабве | Неразвиени земји | Африка |
| NT | | НАТО | Останати | непознато |
| PN | 612 | Питкаирн | Останати | Австралија и Океанија |
| TF | 0 | Француска Јужна Територија | Останати | Америка |
| UN | | УН | Останати | Друго |
| AL | 8 | Албанија | Западен Балкан | Европа |
| BA | 70 | Босна и Херцеговина | Западен Балкан | Европа |
| CS | 890 | Србија и Црна Гора | Западен Балкан | Европа |
| HR | 191 | Хрватска | Западен Балкан | Европа |
| MK | 807 | Македонија | Западен Балкан | Европа |
| AG | 28 | Антигуа и Барбуда | Земји во развој | Америка |
| AI | 660 | Ангвила | Земји во развој | Америка |
| AM | 51 | Ерменија | Земји во развој | Азија |
| AO | 24 | Ангола | Земји во развој | Африка |
| AQ | 10 | Антартик | Земји во развој | Австралија и Океанија |

| Алфа 2 код | Алфа нумерички код | Земја-назив | Економска групација (Светска банка) | Континент |
|---|---|---|---|---|
| AR | 32 | Аргентина | Земји во развој | Америка |
| AS | 16 | Американска Самоа | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| AX | 0 | Аландски Острови | Земји во развој | Останати |
| AZ | 31 | Азербејџан | Земји во развој | Азија |
| BB | 52 | Барбадос | Земји во развој | Америка |
| BG | 100 | Бугарија | Земји во развој | Европа |
| BO | 68 | Боливија | Земји во развој | Америка |
| BR | 76 | Бразил | Земји во развој | Америка |
| BW | 72 | Боцвана | Земји во развој | Африка |
| BY | 112 | Белорусија | Земји во развој | Европа |
| BZ | 84 | Белизе | Земји во развој | Америка |
| CC | 166 | Кокосови Острови | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| CL | 152 | Чиле | Земји во развој | Америка |
| CN | 156 | Кина | Земји во развој | Азија |
| CO | 170 | Колумбија | Земји во развој | Америка |
| CR | 188 | Коста Рика | Земји во развој | Америка |
| CU | 192 | Куба | Земји во развој | Америка |
| CV | 132 | Зеленортски Острови (Капе Верде) | Земји во развој | Африка |
| CX | 162 | Божиќни Острови | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| DJ | 262 | Џибути | Земји во развој | Африка |
| DM | 212 | Доминика | Земји во развој | Америка |
| DO | 214 | Доминиканска Република | Земји во развој | Америка |
| DZ | 12 | Алжир | Земји во развој | Африка |
| EC | 218 | Еквадор | Земји во развој | Америка |
| EG | 818 | Египет | Земји во развој | Африка |
| EH | 732 | Западна Сахара | Земји во развој | Африка |
| FJ | 242 | Фиџи | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| FM | 583 | Федерални Држави (Микронезија) | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| GA | 266 | Габон | Земји во развој | Африка |
| GD | 308 | Гренада | Земји во развој | Америка |
| GE | 268 | Грузија (Џорџија) | Земји во развој | Азија |
| GQ | 226 | Екваторијална Гвинеја | Земји во развој | Африка |
| GS | 0 | Јужна Џорџија и Јужни Острови Сендвич | Земји во развој | Останати |
| GT | 320 | Гватемала | Земји во развој | Америка |
| GY | 328 | Гвајана | Земји во развој | Америка |
| HM | 0 | Хеардов Остров и Мекдоналдови Острови | Земји во развој | Останати |
| HN | 340 | Хондурас | Земји во развој | Америка |
| ID | 360 | Индонезија | Земји во развој | Азија |
| IO | 86 | Британска Територија на ИО | Земји во развој | Африка |
| IQ | 368 | Ирак | Земји во развој | Азија |
| IR | 364 | Иран | Земји во развој | Азија |
| JF | 260 | Јужна Француска Територија | Земји во развој | Африка |
| JM | 388 | Јамајка | Земји во развој | Америка |
| JO | 400 | Јордан | Земји во развој | Азија |
| JT | 396 | Џонстон Остров | Земји во развој | Азија |
| KI | 296 | Кирибати | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| KN | 659 | Сент Кристофер и Невис | Земји во развој | Америка |
| KZ | 398 | Казахстан | Земји во развој | Азија |
| LB | 422 | Либан | Земји во развој | Азија |
| LC | 662 | Света Лучија | Земји во развој | Америка |

| Алфа 2 код | Алфа нумерички код | Земја-назив | Економска групација (Светска банка) | Континент |
|---|---|---|---|---|
| LK | 144 | Шри Ланка | Земји во развој | Азија |
| LY | 434 | Либија | Земји во развој | Африка |
| MA | 504 | Мароко | Земји во развој | Африка |
| MH | 584 | Маршалски Острови | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| MI | 488 | Мидвејски Острови | Земји во развој | Азија |
| MP | 580 | Северни Маријанини Острови | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| MQ | 474 | Мартиник | Земји во развој | Америка |
| MU | 480 | Маурициус | Земји во развој | Африка |
| MV | 462 | Малдивски Острови | Земји во развој | Азија |
| MX | 484 | Мексико | Земји во развој | Америка |
| MY | 458 | Малезија | Земји во развој | Азија |
| NA | 516 | Намибија | Земји во развој | Африка |
| NN | 0 | Западна Банка и Газа | Земји во развој | Останати |
| NR | 520 | Науру | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| NU | 570 | Ниуе | Земји во развој | Азија |
| OM | 512 | Оман | Земји во развој | Азија |
| OP | 849 | Обединети Држави на Пац. Острови | Земји во развој | Азија |
| PA | 590 | Панама | Земји во развој | Америка |
| PE | 604 | Перу | Земји во развој | Америка |
| PH | 608 | Филипини | Земји во развој | Азија |
| PM | 666 | Сент Пјер и Микелан | Земји во развој | Америка |
| PO | 582 | Пацифички Острови | Земји во развој | Азија |
| PS | 0 | Палестинско подрачје | Земји во развој | Азија |
| PW | 585 | Палау | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| PY | 600 | Парагвај | Земји во развој | Америка |
| RE | 638 | Реунион | Земји во развој | Африка |
| RO | 642 | Романија | Земји во развој | Европа |
| RU | 643 | Русија | Земји во развој | Европа |
| SC | 690 | Сејшелски Острови | Земји во развој | Африка |
| SR | 740 | Суринам | Земји во развој | Америка |
| SV | 222 | Ел Салвадор | Земји во развој | Америка |
| SY | 760 | Сирија | Земји во развој | Азија |
| SZ | 748 | Свазиленд | Земји во развој | Африка |
| TC | 796 | Турк и Каикос Острови | Земји во развој | Америка |
| TH | 764 | Тајланд | Земји во развој | Азија |
| TK | 0 | Токелау | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| TM | 795 | Туркменистан | Земји во развој | Азија |
| TN | 788 | Тунис | Земји во развој | Африка |
| TO | 776 | Тонга | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| TR | 792 | Турција | Земји во развој | Европа |
| TT | 780 | Тринидад и Тобаго | Земји во развој | Америка |
| UA | 804 | Украина | Земји во развој | Европа |
| UM | 0 | Странски Надворешни Острови на Здружени Држави | Земји во развој | Останати |
| UY | 858 | Уругвај | Земји во развој | Америка |
| VC | 670 | Сент Винсент | Земји во развој | Америка |
| VE | 862 | Венецуела | Земји во развој | Америка |
| VU | 548 | Вануату | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| WF | 876 | Волис и Фортуна Острови | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| WS | 882 | Западна Самоа | Земји во развој | Австралија и Океанија |
| YT | 0 | Мајота | Земји во развој | Останати |
| ZA | 710 | Јужна Африка | Земји во развој | Африка |

**- ОСТАНАТИ КЛАСИФИКАЦИИ**

*Класификација на стоки според економската намена*

Класификацијата на производите според економската намена се врши спред класификационата шема на Организацијата на Обединетите нации, која се применува во системот на националните сметки.

*1. Производи за репродукција,* во кои се вклучени суровините и полупроизводите, погонските горива и готовите производи за репродукција;

*2. Производи за инвестиции*, погонски машини, земјоделски машини, машини и уреди за обработка на метал, останати машини и уреди, електрични мотори и останати електрични уреди, транспортни средства и останата инвестициона стока;

*3. Производи за широка потрошувачка*, храна, пијалак, тутун, облека и обувки, мебел, текстил (освен облека), медицински, фармацевтски и козметички производи и друга стока за широка потрошувачка.

Припадноста кон одредена економска намена се определува според принципот на претежност.

*Класификација на производите според степенот на обработката*

Според степенот на обработката производите се делат во три основни групи:

*1. Необработени производи;*

*2. Производи од обична преработка;*

*3. Производи од висока преработка*.

Во првата група спаѓаат производи кои се добиваат непосредно од природата, при што е вложен само труд неопходен за нивно одвојување од природата. Во втората група спаѓаат производи што со обработката само се подготвени за натамошна обработка, а во третата група спаѓаат производи што се со висок степен на преработка и служат за инвестициона или индивидуална потрошувачка.

Припадноста кон одреден степен се определува според принципот на претежност.

Покрај наведените класификации и номенклатури во Заводот за статистика се применува и Класификација според големите економски категории (БЕЦ)

**РЕГИСТРИРАЊЕ НА ЗЕМЈАТА-ПАРТНЕР**

Прикажувањето на стоковната размена по земји или групации на земји, овозможува анализа и проучување на трговските, економските и финансиските односи меѓу земјите, а во зависност од критериумот врз основа на кој се врши регистрирање на земјите во извозот и увозот.

Разните потреби на одделни земји и нивните односи во меѓународната трговија придонесуваат, при регистрирање на земјите во извозот и увозот, да се применуваат повеќе принципи. Како последица на ова се јавуваат разлики во податоците за меѓународната стоковна размена со одделни земји.

Постојат неколку основни принципи за регистрирање на земјите, и тоа:

1. стоковен принцип;

2. принцип на консигнација;

3. трговски принцип;

4. финансиски принцип.

**Стоковниот принцип** е основен принцип за регистрирање на земјите во статистиката на надворешната трговија. Негов основен критериум е производството во извозот и потрошувачката во увозот.

- Земјата на производство или потекло, кај непреработените производи, е онаа земја каде што се одгледуваат земјоделските култури и производите на шумарството, како и онаа која има рудни наоѓалишта на соодветни минерални производи. Кај преработените производи тоа е земјата каде што суровините пристигнале, претрпеле значајна преработка и добиле нова употребна вредност. Преработки како што се сортирање, класирање, пакување и сл. не се сметаат за преработки што битно влијаат на својството и употребната вредност на стоката, па во таков случај како земја на потекло се регистрира земјата во која се произведени суровините.

- Земја на потрошувачка или намена е онаа земја во која навистина се троши увезената стока, било во финална или репродукциона потрошувачка. Тоа е земјата на крајната намена без разлика дали стоката во неа дошла директно или привремено се складира во други земји.

Овој принцип при регистрирање на земјите во надворешно-трговскиот стоковен промет е најшироко применуван принцип во меѓународните стоковни односи. Но постојат и проблеми при неговата примена,

особено ако надворешно-трговскиот промет не се врши директно со земјите на производство и земјите на потрошувачка, туку индиректно со посредство на трети земји. Во тој случај не може со сигурност да се утврди земјата на производство и земјата на потрошувачка, затоа што е познато само местото на пристигнувањето, односно испраќањето. Освен тоа, принципот на производство претставува посебен проблем кога стоката се преработува во повеќе земји, па не може да се утврди во која земја колку е зголемена вредноста на стоката и не може да се утврди која земја да се земе како земја на производство. Поради наведените тешкотии во примената на овој принцип доаѓа до разлики во статистичките податоци меѓу земјите.

**Принципот на консигнација** ја бележи земјата на испраќање, односно пристигнување на стоката. Овој принцип има прометен карактер и го следи меѓународното движење на стоките.

Земја на испраќање е земјата во која стоката се извезува без разлика дали таа е или не е крајниот потрошувач, а земја на пристигнување е онаа земја од која стоката се увезува без разлика дали во неа е произведена или само ја увезла за да ја извезе.

Овој принцип овозможува најдобра меѓународна споредливост на податоците.

**Трговскиот принцип** на регистрација на земјата-партнер во меѓународната стоковна размена, како земја-увозник ја смета земјата во која купувачот има седиште, а како земја-извозник се смета земјата во која се наоѓа седиштето на продавачот.

**Финансискиот принцип** овозможува анализа на финансиските трансакции со странство, така што кај увозот се регистрира земјата на плаќање, а кај извозот земјата на наплата без разлика каде е произведена стоката, каде ќе се троши, каде се наоѓа купувачот односно продавачот или од каде е пристигната, односно каде ќе пристигне стоката.

Во статистиката на Република Македонија се применува стоковниот принцип со следниве дефиниции:

- земја на намена е онаа земја каде што стоката се троши или натаму се преработува;

- земја на потекло се смета онаа земја во која вредноста на стоката е зголемена најмалку за 51%.

Во случај кога не е позната земјата на намена, кај извозот се зема земјата во која стоката е испратена.

Кај увозот во следниве случаи , наместо земја на потекло, како земја-партнер се користи земјата од која стоката е увезена (пристигната):

- кај стоки увезени по облагородување;

- кај вратени стоки;

- кај стоки за кои не се знае земјата на нивното потекло (обично тоа се уметнички дела или антиквитети).

## ИСКАЖУВАЊЕ НА КОЛИЧЕСТВАТА НА СТОКИТЕ

Искажувањето на количествата во извозот и увозот на стоките во килограми и тони е особено важно затоа што количеството е еден од показателите на статистиката на надворешната трговија кој може секогаш точно да се утврди и на кој не влијаат разни фактори како што е случајот со вредноста врз која влијаат курсните разлики, различните принципи на декларирање, проценувањето на вредностите и сл.

Во Меѓународната конвенција што се однесува на економските статистики[2)], наведени се следниве препораки што се однесуваат на единица мерка:

1. Единиците мерки во кои се изразуваат количествата на секој поединечен производ (тежина, должина, површина, запремина и т. н.) мораат да бидат прецизно дефинирани.

2. Доколку количеството на стока од било кој вид е изразено во единица мерка која не е тежина, проценката на просечната тежина на секоја единица или повеќе единици, мора да биде прикажана во годишниот извештај.

3. Во случајот на тежината, мора да се даде прецизна дефиниција на поимите како што се бруто-тежина, нето-тежина и сл., водејќи сметка за различното значење на истиот израз доколку се применува на различни класи на стоки.

Статистичкиот уред на ООН ги препорачува следниве дефиниции за одредување на тежината на стоката:

1. *Бруто-тежина* - тежина на стоката заедно со амбалажата, но без опремата за пренос;

---

[2)] *Proceeding of the International Conference Relating to Economic Statistics, League of Nations, Geneve, November 26th to December 14th 1928, document c 163 m 64 1929 II, annx I, part I, par.IV.*

2. *Нето-тежина* - тежина на стоката заедно со амбалажата која претставува составен дел при испораката на крајниот купувач или во трговијата на големо.

3. *Нето-нето -тежина* - тежина на самата стока без амбалажа.

Освен искажувањето во тежински единици (тони и килограми), стоката се искажува и во специфични единици мерки. За да се обезбеди еднообразно искажување на количествата стоки во единици мерки, при пополнувањето на царинската документација, за секој тарифен став се запишува задолжителната единица мерка, од Одлуката за распоредување на стоките според формите на извоз и на увоз според соодветната шифра од Кодексот на шифри за единици мерки.

Пропишаните единици мерки се:

| Единици мерки | Шифра |
|---|---|
| **БРОЈ** | |
| Парче | PCS |
| 100 парчиња | CEN |
| 1000 парчиња | MIL |
| Број на парови | PRS |
| Број на келии | NCL |
| **ДОЛЖИНА** | |
| Метар | MTR |
| Метар квадратен | MTK |
| Метар кубен | MTQ |
| 1000 метри кубни | EAB |
| **ЗАФАТНИНА** | |
| Литар | LTR |
| 1000 литри | MAL |
| Литар чист (100%) алкохол | LPA |
| **МАСА** | |
| Грам | GRM |
| Грам на фисилен изотоп | GFI |
| Килограм | KGM |
| Килограм исушена нето-тежина | KDW |
| Килограм на азот (kg N) | KNI |
| Килограм на дифосфорпентоксид (kg $P_2O_5$) | KPP |
| Килограм на холин хлорид (kg $C_5H_{14}ClNO$) | KCC |
| Килограм на калиумхидроксид (каустична поташа) (kg KOH) | KOH |
| Килограм на калиумоксид (kg $K_2O_2$) | KPO |
| Килограм на материја која е 90% сува | KSD |
| Килограм на метиламини (kg met.am) | KMA |
| Килограм на натриумхидроксид (каустична сода) (kg NaOH) | KSH |
| Килограм на ураниум (kg U) | KUR |
| Килограм на водород пероксид (kg $H_2O_2$) | KHY |
| Грос тонажа (1000 кг) | CTN |
| Капацитет на носивост во тон | CCT |
| Карат (2x$10^{-4}$ кг) | CTM |
| **ОСТАНАТО** | |
| Мегават час (1000 kW/h) | MWH |
| Тераџул (калорична вредност) | TJO |

Прикажувањето на количествата во поединечни единици мерки не се објавува официјално заради недоволната веродостојност што е последица пред сé на групирањето на основните производи и нивните делови во ист тарифен став, а нивните единици мерки се разликуваат.

## ОПФАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ИЗВОЗОТ И ВО УВОЗОТ

Правилното пресметување на вредноста на извозот и увозот е едно од особено важните прашања на статистиката на надворешната трговија и тоа како за потребите на следење на развојот и утврдувањето на трговскиот и платниот биланс, така и за пресметување на релативните показатели на динамиката и структурата на надворешно-трговскиот промет.

Во базата на податоци во статистиката се земаат фактурните вредности базирани на цените при склучувањето на договорите меѓу купувачите и продавачите. Во зависност од договорите, фактурните вредности се зголемуваат за трошоците за транспорт и осигурување, манипулации и други обврски и трошоците околу испораката или приемот на стоката и деловниот ризик. Меѓутоа статистиката мора да ги пресметува вредностите по единствен паритет за секоја надворешно-трговска трансакција, за вредностите да бидат споредливи и меѓусебно и временски и за да претставуваат одредено мерило за сите анализи. Споредливоста на податоците на меѓународно ниво е мошне битен фактор во единствената пресметка на вредностите во статистиката за надворешна трговија. Заради ова уште во 1928 година Лигата на народите во Меѓународната конвенција што се однесува на економските статистики, постави стандарди за одредување на вредностите на стоките. Тие стандарди ги презема и Економско-социјалниот совет на ООН, како и повеќето земји во светот. Дефиницијата што Советот ја препорачал гласи:

- За потребите на статистиката треба да се користи вредноста на граница (на копно или море во зависност од случајот), а ова значи дека во случај на увоз тоа е вредноста на местото на испораката плус транспортните трошоци и осигурувањето од тоа место до границата на земјата на увозот, а во случај на извоз тоа е вредноста франко на границата на земјата на извозот.

Во случај на увоз, увозните давачки, домашните такси и сличните трошоци пропишани во земјата на увозот треба да се исклучат од вредноста на стоката. Во случај на извоз, извозните давачки, домашните такси и сл. трошоци треба да се исклучат од вредноста во онаа мерка во која тие остануваат оптоварување на извезената стока.

## СТАТИСТИЧКА ВРЕДНОСТ

Во надворешно-трговската статистика на Република Македонија вредноста на извезената и увезената стока се пресметува врз основа на паритетот франко македонска граница, односно извозот се пресметува врз база на ф.о.б. паритет, а увозот врз база на ц.и.ф. паритет.

Тоа значи дека ако при извозот е договорено испораката на стоките да се врши во странство, фактурната вредност се намалува за трошоците на превозот, осигурувањето и испраќањето на стоките од македонската граница до местото на испораката во странство. Ако е договорено испораката на стоките да се врши во Република Македонија, фактурната вредност се зголемува за трошоците на превозот, осигурувањето и испраќањето на стоките од местото на испораката во Република Македонија до македонска граница. Ако се извезуваат стоки од облагородување, вградување или поправка, во статистичката вредност се вклучува вкупната вредност на привремено увезените стоки, вредноста на услугите, вредноста на вградениот домашен материјал, како и трошоците за испраќање од преработувачот до македонската граница, ако тие не се пресметани во цената на услугите.

При увозот, ако е договорено испораката на стоките да се врши во странство, фактурната вредност се зголемува за трошоците на превозот, осигурувањето и преносот на стоките од местото на испорака до македонската граница. Ако е договорено испораката на стоките да се врши во Република Македонија, фактурната вредност се намалува за трошоците на превоз, осигурувањето и преносот на стоките од македонската граница до местото на испорака во Република Македонија, освен во воздушниот сообраќај. Ако се увезуваат стоки од облагородување, вградување или поправка, во статистичката вредност се вклучува вкупната вредност на привремено извезените стоки, вредноста на услугите, вредноста на вградениот странски материјал, како и трошоците на испраќање од преработувачот до македонската граница, ако тие не се пресметани во цената на услугите. Увозните давачки и домашните такси не се вклучуваат во статистичката вредност.

Статистичка вредност е вредноста на стоката изразена во денари според паритет "испорачано на македонска граница". Фактурната цена на стоката се пресметува во денари според тековната дневна курсна листа на НБРМ. Како тековен дневен курс се користи курсот што важи на денот на приемот на образецот за единствениот царински документ за стоките што се извезуваат, односно увезуваат.

Статистичката вредност во оригиналната валута по тековен дневен курс се добива така што статистичката денарска вредност на оригиналната валута пресметана по тековните дневни курсеви се дели со денарската вредност на соодветната валута од дневната курсна листа.

## ГЛАВА III

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Царинската управа на Република Македонија, преку царинарниците и царинските испостави ги собира и контролира сите обележја од царинскиот документ. Контролата се спроведува автоматски со примена на софтверот ASYCUDA. Овој софтвер врши логичка и математичка контрола на внесените податоци. Така исконтролираните податоци за стоковната размена со странство, сместени на магнетен медиум, се доставуваат до Државниот завод за статистика на Република Македонија, најдоцна до 20 во тековниот месец за претходниот месец. Доколку ова е исполнето ДЗС статистички ги обработува и дополнително (визуелно) ги контролира податоците и е должен до крајот на тековниот месец (или најдоцна за 40 дена од завршувањето на месецот), да ги презентира податоците за претходниот месец во статистичко соопштение.

Царинската управа објавува Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодекс на шифри кои се употребуваат во царинските постапки. Во продолжение е дадена содржина на овој Правилник.

### УПОТРЕБА И НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РУБРИКИТЕ ВО ЕДИНСТВЕНИОТ ЦАРИНСКИ ДОКУМЕНТ

#### I. Употреба на сетови на ЕЦД

(1) ЕЦД и дополнителниот ЕЦД-БИС се составени од осум листови, односно од пет листови за двонаменскиот комплет. Нивната намена е:

- лист со реден број 1 и црвена полна линија по десниот раб - за појдовниот царински орган или царински орган на извозно царинење;
- лист со реден број 2 и зелена полна линија по десниот раб - за обработка на податоците за испраќање/извоз;
- лист со реден број 3 и жолта полна линија по десниот раб - за испраќачот/извозникот на стоката;
- лист со реден број 4 и сина испрекината линија по десниот раб - за одредишниот царински орган;
- лист со реден број 5 и сина полна линија по десниот раб - за потврдување на прием на стоката на појдовниот царински орган;
- лист со реден број 6 и црвена испрекината линија по десниот раб - за царински орган на увозно царинење;
- лист со реден број 7 и зелена испрекината линија по десниот раб - за обработка на податоците за увозот;
- лист со реден број 8 и жолта испрекината линија по десниот раб - за примачот/увозникот на стоката;

(2) Секој лист на двонаменскиот комплет на ЕЦД може да се употребува алтернативно. Неупотребениот број на листот мора да се прецрта.

(3) Ако стоката се декларира во извозна постапка, извоз за облагородување или повторен извоз, се употребува сет на ЕЦД, кој се состои од листовите 1, 2 и 3.

(4) Ако стоката се декларира во транзитна постапка, се употребува сет на ЕЦД, кој се состои од листовите 1, 4 и 5.

Листовите број 4 и 5 служат за царински надзор на стоката. Превозникот е должен листовите број 4 и 5 да ги предаде на одредишниот царински орган. Одредишниот царински орган со листот број 5 го потврдува излезот на стоката од царинското подрачје или приемот на стоката кај појдовниот царински орган.

(5) Сетот на ЕЦД кој се употребува за пуштање на стоката во слободен промет, ставање во постапка на царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола, привремен увоз и за внесување на стока во слободни зони и слободни складови, се состои од листовите 6, 7 и 8.

(6) За истовремено декларирање на стоката во извозна и транзитна постапка (заедничка извозно-транзитна постапка) се употребува сет на ЕЦД кој се состои од листовите 1, 2, 3, 4 и 5. Ако за извршување на транзитната постапка се употребува ТИР Карнет, за извозот на стоката се приложува ЕЦД во согласност со став (3) од овој прилог.

(7) Декларантот може да употреби дополнителен лист на ЕЦД без нумеричка ознака со задолжително дијагонално испишан текст "ДОПОЛНИТЕЛЕН ЛИСТ".

**II. Пополнување на рубриките во ЕЦД**

(1) Рубриките на ЕЦД и дополнителниот ЕЦД се пополнуваат со машина за пишување или печатар. Заради правилно пополнување со машина за пишување или печатар, образецот на ЕЦД треба да биде поставен на таков начин што првата буква од податоците што треба да се внесат во рубрика 2 ќе биде отчукана во горниот лев агол на истата рубрика.

(2) Образецот ЕЦД не смее да содржи бришани податоци или допишувања.

(3) Кога рубриката не се пополнува, се остава празна.

(4) Рубриките означени со број се пополнуваат од страна на декларантот, како што е пропишано за избраната царинска постапка.

(5) Рубриките означени со големи букви ги пополнува царинскиот орган или друг овластен орган во согласност со одредбите на дел II.3 од овој прилог.

(6) Рубриките кои се пополнуваат за секоја постапка се наведени во табелата која следи, без оглед дали се применуваат поедноставени постапки. Специфичните одредби кои се однесуваат на секоја рубрика како што е наведено во дел II.1, II.2 и II.3 од овој прилог се применуваат без оглед на она што е дефинирано во табелата.

| Број на рубрика | А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1(1) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 1(2) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 1(3) | | | | | А | | | | |
| 2 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 2(Бр) | А[1] | А[1] | А[1] | А[1] | А[1] | | | | |
| 3 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 4 | | | | | А[11] | | | | |
| 5 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 6 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 7 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 8 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 8(Бр) | | | | | А[1] | А[1] | А[1] | А[1] | А[1] |
| 11 | А | А | А | А | | А | А | | |
| 12 | А | А | А | А | | А | А | | А |
| 14 | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 14(Бр) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 15 | | | | | А | А | А | | А |
| 15а | | | | | А | А | А | | А |
| 16 | | | | | | А | А | | А |
| 17 | А | А | А | А | А | | | | |
| 17а | А | А | А | А | А | | | | |
| 18 (Идентитет) | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] |
| 18 (Земја) | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] | А[2] |
| 19 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 20 | А | А | А | А | | А | А | | А |
| 21 (Идентитет) | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | | |
| 21 (Земја) | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | А[3] | | |
| 22 (Валута) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 22 (Износ) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 23 | А | А | А | А | | А | А | | А |
| 24 | А | А | А | А | | А | А | | |
| 25 | А | А | А | А | | А | А | | |
| 26 | А[4] | А[4] | А[4] | А[4] | | А[5] | А[5] | | |
| 29 | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 30 | А[14] | А[14] | А[14] | А[14] | А[14] | А[14] | А[14] | А | |
| 31 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 32 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 33(1) | А | А | А [6] | А | А [7] | А | А | | А |
| 33(2) | А | А | А [6] | А | | А | А | | А |
| 33(3) | А | А | А [6] | А | | А | А | | А |
| 33(4) | | | | | | А | | | |
| 33(5) | | | | | | А | | | |

| Број на рубрика | А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34а | | | | | | А | А | | А |
| 35 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 36 | | | | | | А | А | | |
| 37(1) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 37(2) | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 38 | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 39 | | | | | | А[9] | А[9] | | |
| 40 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 41 | А | А | А | А | | А | А | | А |
| 42 | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 43 | | | | | | А | А | | А |
| 44 | А | А | А | А | А | А | А | А | А |
| 45 | | | | | | А | А | | А |
| 46 | А | А | А | А | | А | А | | А |
| 47(Вид) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | А |
| 47 (Основа) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | А |
| 47(Стапка) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | |
| 47(Износ) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | |
| 47(Вкупно) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | |
| 47(НП) | А[12] | А[12] | А[12] | А[12] | | А [8] | А [8] | | |
| 48 | А[13] | А[13] | А[13] | А[13] | | А[13] | А[13] | | |
| 49 | А [10] | А [10] | А [10] | А [10] | | А [10] | А [10] | | А |
| 50 | | | | | А | | | | |
| 52 | | | | | А | | | | |
| 53 | | | | | А | | | | |
| 54 | А | А | А | А | | А | А | А | А |
| 55 | | | | | А | | | | |
| 56 | | | | | А | | | | |

**Легенда**

| Наслов на колона | Шифра која се користи за рубрика 37, прва подрубрика |
|---|---|
| **А:** Извоз/Испраќање | 10, 11, 23 |
| **Б:** Повторен извоз по царинска постапка со економски ефект различна од постапка на царинско складирање (увоз за облагородување, привремен увоз, преработка под царинска контрола) | 31 |
| **В:** Повторен извоз по царинско складирање | 31 |
| **Г:** Извоз за облагородување | 21 |
| **Д:** Транзит | |
| **Ѓ:** Пуштање на стока во слободен промет | 40, 41, 47, 48, 61 |
| **Е:** Ставање во царинска постапка со економски ефект различна од извоз за облагородување и постапка на царинско складирање (увоз за облагородување (систем на одложено плаќање), привремен увоз, преработка под царинска контрола) | 51, 53, 56, 91 |
| Ж: Складирање во царински складови од тип А, Б, Ц, Е и Ф[3] | 71, 78 |
| **З:** Складирање во царински склад од тип Д[4][5] | 71, 78 |

[3] *Колона Ј исто така го покрива внесувањето на стоката во слободни зони*

[4] *Оваа колона исто така се однесува за случаи наведени во Член 334 став (3) од Уредбата*

[5] *Колона К исто така го покрива внесувањето на стоката во слободни зони*

**Симбол употребен во полињата на табелата**

Ако во полињата на табелата е запишан симболот "А" тоа значи дека таа рубрика (или дел од рубриката) се пополнува. Во спротивно, ако во полињата во табелата не е запишан симболот "А" (полето е празно) тоа значи дека таа рубрика (или дел од рубриката) не се пополнува.

Рубриките кои не се наведени во табелата не се пополнуваат.

**Забелешки**

[1] Овој број не се пополнува кога испраќачот/примачот нема седиште во Република Македонија или кога е физичко лице.

[2] Не се користи во случај на поштенска пратка или за превоз со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови).

[3] Не се користи во случај на поштенска пратка или за превоз со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови) или железница.

[4] Оваа рубрика не се пополнува кога извозните царински формалности се спроведуваат во гранична излезна царинска испостава.

[5] Оваа рубрика не се пополнува кога увозните царински формалности се спроведуваат во гранична влезна царинска испостава.

[6] Задолжително во случај на повторен извоз после постапка на царинско складирање во склад од тип Д.

[7] Оваа подрубрика мора да биде пополнета кога:

- декларацијата за транзит е изготвена од истото лице во истото време со царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката, или кога декларацијата за транзит следува после царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката,
- кога транзитната декларација опфаќа стока од листата во Прилог 28 на Уредбата,
- кога со посебни прописи поинаку не е пропишано.

[8] Овие податоци не се запишуваат за стока која е ослободена од увозни давачки.

[9] Кога квотата ја распределува царинскиот орган, овие податоци ги запишува царинскиот орган..

[10] Оваа рубрика се пополнува кога декларацијата за ставање на стока во царинска постапка се користи за раздолжување на царинска постапка на складирање во склад од тип "Д".

[11] Оваа рубрика се пополнува доколку кон декларацијата се приложени товарници или листи на стока потврдени од страна на царинскиот орган.

[12] Оваа рубрика се пополнува доколку при царинењето се плаќаат давачки (вклучува и одложено плаќање на давачките).

[13] Оваа рубрика се пополнува при одложено плаќање на давачките.

[14] Оваа рубрика се пополнува кога стоката во претходната постапка била складирана во царински склад од типот "А", "Б", "Ц", "Е" или "Ф".

## II.1. Пополнување на рубриките во ЕЦД за извоз, повторен извоз, извоз за облагородување и транзит на стока

### РУБРИКА 1 - ДЕКЛАРАЦИЈА

Оваа рубрика е поделена на три подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- првата подрубрика: се запишува шифрата од кодексот на шифри.
- втората подрубрика: се запишува првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика на рубрика 37.
- третата подрубрика: се запишува шифрата од кодексот на шифри. Оваа подрубрика се пополнува и во заедничка извозно-транзитна постапка.

**РУБРИКА 2 - ИСПРАЌАЧ/ИЗВОЗНИК**

Во оваа рубрика се запишува назив и адреса на испраќачот/извозникот. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број, ако испраќачот е со седиште на царинското подрачје на Република Македонија.

Испраќач/извозник е лице за чија сметка се изготвува декларацијата и кој во моментот на прифаќање на декларацијата е сопственик на стоката или има право да располага со стоката.

Ако со извозот на стоката започнува или завршува постапка со економски ефект, се запишува назив и адреса на имателот на одобрение. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број.

Ако испраќач/извозник е физичко лице-резидент (лице со живеалиште или одобрен престој) на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: единствен матичен број на граѓанинот.
- втор ред: не се пополнува.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Ако испраќач/извозник е физичко кој не е резидент на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: не се пополнува.
- втор ред: бројот на неговата патна исправа.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Во случај на збирна пратка од повеќе испраќачи/извозници, во оваа рубрика се запишува "РАЗЛИЧНИ", а кон декларацијата се приложува листа на испраќачи/извозници.

**РУБРИКА 3 - ОБРАСЦИ**

Оваа рубрика е поделена на две подрубрики во кои се запишуваат податоци за редоследниот број на образецот ЕЦД или дополнителниот образец ЕЦД-БИС во однос на вкупниот број на обрасци.

Во првата подрубрика, со должина од две места, се запишува редоследниот број на образецот.

Во втората подрубрика, со должина од две места, се запишува вкупен број на обрасци, кои ја сочинуваат декларацијата.

На пример, еден образец ЕЦД со 5 наименувања треба да содржи еден образец ЕЦД и два обрасци ЕЦД-БИС. На првиот образец, т.е. на ЕЦД се запишува "1" во првата подрубрика и "3" во втората подрубрика. На вториот образец, т.е. на првиот образец ЕЦД-БИС, се запишува "2" и "3" соодветно, и, на крај, на третиот образец, т.е. вториот образец ЕЦД-БИС, се запишува "3" и "3" соодветно.

Ако кон образецот ЕЦД не се приложува дополнителен образец ЕЦД-БИС, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 4 - ТОВАРНИЦИ**

Во оваа рубрика се запишува вкупен број на приложени товарници, доколку се приложени, или вкупниот број на листи за опис на стоката потврдени од страна на царинскиот орган.

**РУБРИКА 5 - НАИМЕНУВАЊА**

Во оваа рубрика се запишува вкупниот број на наименувања, кои ги декларира декларантот со образецот ЕЦД и со дополнителниот образец ЕЦД-БИС (или со товарниците или со листите за опис на стоката). Бројот на наименувања мора да одговара со бројот на пополнетите рубрики за "ОПИС НА СТОКАТА".

**РУБРИКА 6 - БРОЈ НА КОЛЕТИ**

Во оваа рубрика се запишува вкупниот број на колети кои ја сочинуваат предметната пратка.

Ако стоката е во растурлива состојба, во оваа рубрика се запишува "1".

**РУБРИКА 7 - РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ**

Во оваа рубрика се запишува редниот број, составен само од нумерички ознаки, на декларантот/застапникот.

**РУБРИКА 8 - ПРИМАЧ**

Во оваа рубрика се запишува назив/име и адреса на фирмата или лицето, на кои стоката се доставува и за кои е наменета. Во случај на транзитна постапка, во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува даночниот број на примачот ако е со седиште на царинското подрачје на Република Македонија.

Ако примач е физичко лице-резидент (лице со живеалиште или одобрен престој) на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: единствен матичен број на граѓанинот.
- втор ред: не се пополнува.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Ако примач е физичко кој не е резидент на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: не се пополнува.
- втор ред: бројот на неговата патна исправа.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Во случај на збирна пратка за повеќе примачи, во оваа рубрика се запишува "РАЗЛИЧНИ", а кон декларацијата се приложува листа на примачи.

**РУБРИКА 9 - ФИНАНСИСКО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 10 - ЗЕМЈА НА ПРВ ПРИЕМ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 11 - ЗЕМЈА СО КОЈА СЕ ТРГУВА**

Во оваа рубрика се запишува шифрата на земјата од кодексот на шифри во која е седиштето на странската фирма запишана во рубрика 8.

**РУБРИКА 12 - ПОЕДИНОСТИ ЗА ВРЕДНОСТА**

Во оваа рубрика се запишува вкупната вредност на трошоците (превоз, осигурување, амбалажа и други трошоци), изразена во денари пресметана по курсот кој е запишан во рубрика 23. Оваа вредност ја зголемува или намалува вредноста на стоките во рубрика 46, во зависност од условот на испорака (паритет) наведен во рубриката 20 од образецот ЕЦД.

Ако трошоците ја намалуваат статистичката вредност пред износот на вредноста се запишува знакот "-".

Ако погоре наведените трошоци не постојат, во оваа рубрика се запишува "0"(нула).

**РУБРИКА 13 - ЗЗП (ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА)**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 14 - ДЕКЛАРАНТ/ЗАСТАПНИК**

Во оваа рубрика се запишува назив и адреса на декларантот или застапникот. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број.

Во случај кога нема застапување оваа рубрика е идентична со рубрика 2.

Во случај на застапување, без оглед на видот на застапување, во оваа рубрика се запишува назив и адреса на застапникот, а во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број.

За да се одреди декларантот или статусот на застапникот, се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 15 - ЗЕМЈА НА ПОАЃАЊЕ/ИЗВОЗ**

Во оваа рубрика се запишува називот на земјата од каде стоката е извезена, односно називот на земјата од каде стоката била испратена.

За стока, која пристигнала од странство и на царинското подрачје не е пуштена во слободен промет,

односно во царинското подрачје само транзитирала или била складирана, во оваа рубрика не се запишува "Македонија", односно се запишува називот на земјата од каде стоката претходно била испратена/ извезена за Македонија.

**РУБРИКА 15а и 15б - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА ПОАЃАЊЕ/ ИЗВОЗ**

Во рубриката 15а се запишува шифрата на земјата од рубрика 15, од кодексот на шифри.

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, рубриката 15б не се пополнува.

**РУБРИКА 16 - ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 17 - ЗЕМЈА НА НАМЕНА**

Во оваа рубрика се запишува име на земјата каде стоката се испраќа (земја во која стоката ќе се користи, обработува или преработува).

**РУБРИКА 17а и 17б - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА НАМЕНА**

Во рубриката 17а се запишува шифрата од кодексот на шифри за земјата што е наведена во рубрика 17.

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, рубриката 17б не се пополнува.

**РУБРИКА 18 - ИДЕНТИТЕТ И ЗЕМЈА НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ПРИ ПОАЃАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишуваат податоци за идентитетот на транспортното средство во кое стоката е директно натоварена во моментот на извозните или транзитните формалности, после кои се запишува шифрата на земјата на транспортното средство (или на возилото кое што ги влече другите ако постојат неколку средства за транспорт) од кодексот на шифри. Ако влекачот и приколката имаат различни регистарски броеви, се запишуваат и двата регистарски броја, а за шифра на земја на транспортно средство се наведува шифрата на земјата на влекачот.

Во зависност од видот на транспортот, во табелата која следи се дадени податоци за идентитетот кои треба да бидат запишани:

| Вид на транспорт | Метод на идентификација |
|---|---|
| Езерски транспорт | Име на пловило |
| Воздушен транспорт | Број и датум на летот (во случај да нема број на лет, се запишува регистарскиот број на воздухопловот) |
| Патен транспорт | Регистарскиот број на возилото |
| Железнички транспорт | Број на вагонот |

За пратки во поштенскиот промет, како и при пратки кои се транспортираат со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 19 - КОНТ. (КОНТЕЈНЕР)**

Во оваа рубрика се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри во зависност од ситуацијата која што се предвидува кога ќе се преминува границата, врз основа на информацијата која што е расположива во времето на завршување на извозните формалности.

**РУБРИКА 20 - УСЛОВИ НА ИСПОРАКА**

Во оваа рубрика се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри во зависност од условите од комерцијалниот договор и тоа:

- во првата подрубрика, со должина од три места, се запишува шифра по ИНКОТЕРМС од кодексот на шифри.

- во втората подрубрика се запишува името на местото на кој се однесува условот на испорака (паритетот).

- во третата подрубрика, со должина од едно место, се запишува шифрата од кодексот на шифри, која го определува наведеното место од втората подрубрика дали се наоѓа внатре или надвор од царинското подрачје или на граница.

**РУБРИКА 21 - ИДЕНТИТЕТ И ЗЕМЈА НА АКТИВНОТО ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ШТО ЈА МИНУВА ГРАНИЦАТА**

Во оваа рубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри за земјата на активното (влечното) транспортното средство со кое стоката ја минува границата во моментот на завршување на формалностите.

Во случај на комбиниран транспорт или кога се користат различни транспортни средства, активното транспортно средство е она што ја влечи целата комбинација. Во случај на влекач и приколка, активно транспортно средство е влекачот.

Во зависност од видот на транспортот, во табелата која следи се дадени податоци за идентитетот кои треба да бидат запишани:

| Вид на транспорт | Метод на идентификација |
|---|---|
| Езерски транспорт | Име на пловило |
| Воздушен транспорт | Број и датум на летот (во случај да нема број на лет, се запишува регистарскиот број на воздухопловот) |
| Патен транспорт | Регистарскиот број на возилото |
| Железнички транспорт | Број на вагонот |

За пратки во поштенскиот промет, како и при пратки кои се транспортираат со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 22 - ВАЛУТА И ВКУПЕН ИЗНОС НА ФАКТУРАТА**

Во првата подрубрика се запишува шифра од кодексот на шифри на валути во која се искажува вредноста на стоката.

Во втората подрубрика се запишува вкупната фактурна цена на стоката, искажана во валута од првата подрубрика на оваа рубрика, заокружена на две децимални места. Вкупната фактурна цена на стоката е збир на износите од рубриките 42 во сите наименувања.

Ако цената на стоката е искажана во повеќе валути, за секој вид на валута треба да се поднесе посебен сет на ЕЦД.

**РУБРИКА 23 - КУРС НА ВАЛУТА**

Во оваа рубрика се запишува курсот помеѓу валутата од фактурата и македонскиот денар, кој се употребува за пресметка на давачките на денот на поднесување на ЕЦД. При употреба на поедноставени постапки, согласно член 88 од Законот, при дополнителната декларација се запишува курсот кој бил употребен на денот на прифаќање на непотполната (поедноставената) декларација.

**РУБРИКА 24 - ПРИРОДА НА ТРАНСАКЦИЈАТА**

Оваа рубрика е поделена на три подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- прва подрубрика: се запишува шифра од кодексот на шифри (колона А).
- втора подрубрика: се запишува шифра од кодексот на шифри (колона Б).
- трета подрубрика: ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа подрубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 25 - ВИД НА ТРАНСПОРТ НА ГРАНИЦА**

Во оваа рубрика се запишува шифра од кодексот на шифри за видот на предвиденото активното (влечното) транспортно средство со кое стоката ќе излезе од царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 26 - ВИД НА ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ**

Во оваа рубрика се запишува шифра од кодексот на шифри за видот на активното (влечното) транспортно средство во моментот на поаѓање.

**РУБРИКА 27 - МЕСТО НА УТОВАР**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 28 - ФИНАНСИСКИ И БАНКАРСКИ ПОДАТОЦИ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 29 - ИЗЛЕЗЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри на царинската испостава каде стоката ќе го напушти царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 30 - СТОКАТА Е СМЕСТЕНА**

Оваа рубрика се пополнува кога стоката во претходната постапка била складирана во царински склад од типот "А", "Б", "Ц", "Е" или "Ф". Во овој случај, во рубриката се запишува шифрата на складот наведен во одобрението за отворање на царински склад.

**РУБРИКА 31 - КОЛЕТИ И ОПИС НА СТОКАТА; ОЗНАКИ И БРОЕВИ; БРОЈ НА КОНТЕЈНЕР; БРОЈ И ВИД**

Оваа рубрика се состои од осум реда и се пополнува на следниов начин:

прв ред:

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, овој ред не се пополнува

втор ред:

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, овој ред не се пополнува

трет ред:

Овој ред се состои од три дела и се пополнува на следниов начин:

*прв дел (број на колети):*

- во овој дел се запишува вкупниот број на колети. Во случај на стока неспакувана во колети, се запишува бројот на таквата стока опфатена со декларацијата заедно со податоци потребни за нејзино идентификување.

*втор дел (шифра за вид на колети):*

- во овој дел се запишува шифрата за видот на колетите од кодексот на шифри.

*трет дел (вид на колети):*

- во овој дел се запишува видот на колетите

четврти и петти ред (идентификационен број на контејнери):

- ако во рубриката 19 е запишан бројот "1", се запишува идентификациониот број на контејнерот. Вкупно може да се запишат четири идентификациони броеви на контејнери

шести и останати редови (опис на стоката):

- во овој и во останатите редови се запишува вообичаениот трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката.

Ако во ЕЦД се пополнува рубрика 33 (тарифна ознака), описот на стоката мора да обезбеди недвосмислено распоредување според Царинската тарифа и правилна примена на сите други прописи поврзани со видот на стоката за избраната царинска постапка.

Ако ЕЦД се употребува за транзитна постапка, описот на стоката треба да биде наведен доволно прецизно, од кој произлегува јасна идентификација на количината и видот на стоката, заради обезбедување на пресметката на царинскиот долг кој би можел да настане.

Ако во транзитната постапка се употребува товарница од член 231 од Уредбата или листи за опис на стоката, во шестиот ред се запишува општ опис на стоката со повикување на товарницата или листите за опис на стоката. Во товарницата или во листите за опис на стоката, описот на стоката треба да биде наведен доволно прецизно, од кој произлегува јасна идентификација на количината и видот на стоката, заради обезбедување на пресметката на царинскиот долг кој би можел да настане.

По исклучок, шестиот и останатите редови се пополнуваат на следниов начин:

- ако во странство се испраќа стока за бесплатна распределба односно потрошувачка на саеми изложби и други приредби, или ако правно лице кое изведува работи во странство извезува на свои градилишта потрошен материјал без наплата на противвредноста, се запишува заедничко наименување "Потрошен материјал".

- ако се царини домашна стока, освен гориво и мазиво, кои се продадени заради снабдување на превозни средства во меѓународниот сообраќај се запишува "Снабдување на превозни средства во меѓународен сообраќај".

- ако се извезува воена опрема и делови на предмети за вооружување, се запишува заедничко наименување "Воена опрема и делови на предмети за вооружување".

- ако извезува или се врши повторен извоз на привремено увезена стока заради излагање или уредување на меѓународни саеми, изложби и други приредби, се запишува "Стока за излагање", односно "Стока за уредување".

- ако повторно се извезува алат, ситен инвентар и мостри, во оваа рубрика се запишува "Алат, ситен инвентар и мостри".

- ако физички лица, извезуваат предмети за сопствено домаќинство, во оваа рубрика се запишува "Предмети за сопствено домаќинство". Ако предметите за домаќинство, според посебни прописи подлежат на одредени одобренија/дозволи од други органи, се запишуваат и други податоци потребни за идентификација на тие предмети.

**РУБРИКА 32 - РЕДЕН БРОЈ НА НАИМЕНУВАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишува редниот број на наименувањето во однос на вкупниот број на наименувања наведен во рубрика 5.

**РУБРИКА 33 - ТАРИФНА ОЗНАКА**

Оваа рубрика е поделена на пет подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- прва подрубрика: се запишуваат првите осум бројки од тарифната ознака на царинската тарифа.

- втора подрубрика: се запишува деветата и десетата бројка од тарифната ознака на царинската тарифа.

- трета подрубрика: се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри на задолжителната единица мерка пропишана со Законот за царинска тарифа.

- четврта и петта подрубрика: ако со посебни прописи не е поинаку определено, овие подрубрики не се пополнуваат.

Во транзитната постапка оваа рубрика се пополнува кога:

- транзитната декларација е изготвена од истото лице во истото време со царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката, или кога транзитната декларација следува после царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката,

- кога транзитната декларација опфаќа стока со поголем ризик од измами наведена во Прилог 28 на Уредбата,

- кога со посебни прописи поинаку не е предвидено.

По исклучок, првата и втората подрубрика се пополнуваат на следниов начин:

- ако во странство се испраќа стока за бесплатна распределба односно потрошувачка на саеми изложби и други приредби, или ако правно лице кое изведува работи во странство извезува на свои градилишта потрошен материјал без наплата на противвредноста, се запишува заедничка шифра: "9801 20 00 00".

- ако се царини домашна стока, освен гориво и мазиво, кои се продадени заради снабдување на превозни средства во меѓународниот сообраќај се запишува заедничка шифра: "9801 10 00 00".

- ако се извезува воена опрема и делови на предмети за вооружување, се запишува: "9801 80 00 00".

- ако се извезува или се врши повторен извоз на привремено увезена стока заради излагање или уредување на меѓународни саеми, изложби и други приредби, се запишува заедничка шифра: "9801 40 00 00".

- ако се извезува или повторно се извезува алат, ситен инвентар и мостри, во оваа рубрика се запишува заедничка шифра: "9801 90 00 00".

- ако физички лица, извезуваат предмети за сопствено домаќинство, во оваа рубрика се запишува заедничка шифра: "9801 30 00 00".

**РУБРИКА 34 - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 35 - БРУТО-МАСА (КГ)**

Во оваа рубрика се запишува бруто-масата на стоката дадена во комерцијалниот документ, изразена во килограми, заокружена на две децимални места.

Бруто-масата е збирна маса на стоката со нејзината амбалажа, исклучувајќи ги контејнерите и другата транспортна опрема.

Ако бруто-масата не е можно да се определи (пренос на стока со посебни видови на транспорт: цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 37 - ПОСТАПКА**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 38 - НЕТО-МАСА (КГ)**

Во оваа рубрика се запишува нето-масата на стоката опишана во соодветната рубрика 31, изразена во килограми. Нето-масата е масата на самата стока без нејзината амбалажа.

Ако нето-масата не е можно да се определи (пренос на стока со посебни видови на транспорт: цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 39 - КВОТА**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 40 - ЗБИРНА ДЕКЛАРАЦИЈА/ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 41 - КОЛИЧИНА ВО ЕДИНИЦА МЕРКА**

Во оваа рубрика се запишува количината на стоката за предметното наименување изразена во единечна мерка наведена во третата подрубрика на рубрика 33.

**РУБРИКА 42 - ВРЕДНОСТ НА НАИМЕНУВАЊЕТО**

Во оваа рубрика се запишува фактурната цена на стоката изразена во валутата од првата подрубрика на рубриката 22, која се однесува на соодветното наименување, заокружена на две децимални места.

За ЕЦД со едно наименување, оваа рубрика мора да биде идентична со втората подрубрика на рубриката 22.

**РУБРИКА 43 - ВРЕДНОСЕН МЕТОД**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 44 - ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРИЛОЖЕНИ ДОКУМЕНТИ, ПОТВРДИ И ОДОБРЕНИЈА**

Во оваа рубрика се запишуваат податоци за видот и бројот на приложените документи, податоци за бараните одобрувања, податоци потребни за утврдување на царинската вредност на стоката, податоци за броевите на документите кои се приложени кон ЕЦД и други податоци заради спроведување на царинската постапка.

Во оваа рубрика се запишуваат следниве податоци и тоа за:

- фактурите,
- бројот на непотполната или поедноставената извозна декларација, употребена при поедноставената постапка,

- ознака "RET-EXP", ако декларантот или неговиот застапник сака да му се врати листот број 3 од ЕЦД кај излезната царинска испостава,
- надзорен царински орган, доколку декларацијата за повторен извоз е поднесена со истовремено завршување на постапката на царински складирање и тоа кај царински орган кој не е надзорен за евиденцијата на царинскиот склад,
- дозволи и одобренија во согласност со прописите за забрани и ограничувања,
- број и датум на разни дозволи/одобренија,
- посебни барања во согласност со прописите за акцизи,
- вид и број на приложени преференцијални докази,
- други приложени документи,
- други забелешки.

Во делот означен "Шифра", се запишува шифрата на формата на извоз од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 46 - СТАТИСТИЧКА ВРЕДНОСТ**

Во оваа рубрика се запишува вредноста на стоката изразена во денари на паритет "испорачано на македонска граница". Фактурната цена на стоката се пресметува во денари по курсот, кој е запишан во рубрика 23.

За повторен извоз на стока која била увезена за облагородување, во оваа рубрика се запишува вкупната пресметана вредност на увезената стока, вредноста на услугите, вредноста на вградениот домашен материјал, како и вредноста на трошоците настанати на царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 47 - ПРЕСМЕТКА НА ДАВАЧКИ**

Оваа рубрика е поделена на пет колони и се пополнува на следниов начин:

- прва колона "ВИД": шифрата на давачка според кодексот на шифри.

- втора колона "ОСНОВА": вредноста или количината или друга пропишана основа за пресметка на давачката.

- трета колона "СТАПКА": стапката или друга мерна единица по која се пресметува давачката.

- четврта колона "ИЗНОС": давачка што се плаќа за соодветното наименување.

Ако единствениот царински документ се состои од повеќе наименувања, износот на надоместокот за царинска услуга се пополнува во рекапитулацијата на последното ЕЦД-БИС.

- петта колона "НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ": шифра од кодексот на шифри.

Ако со еден образец ЕЦД е декларирана стока која се распоредува во повеќе тарифни ознаки на номенклатурата на Царинската тарифа, рекапитулацијата на вкупниот износ на давачките по видови се запишува во последната поделба на образецот ЕЦД-БИС.

**РУБРИКА 48 - ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишува број на одобрение на царинскиот орган за одложено плаќање на давачките.

**РУБРИКА 49 - ОЗНАКА НА СКЛАДОТ**

Оваа рубриката се пополнува кога стоката во претходната постапка била складирана во царински склад од типот "Д". Во овој случај, во рубриката се запишува шифрата на складот наведен во одобрението за отварање на царински склад.

**РУБРИКА 50 - ГЛАВЕН ОБВРЗНИК**

Во оваа рубрика се запишува име и презиме/назив (физичко лице/правно лице) и адреса на главниот обврзник и негов даночен број или друг идентификационен број во согласност со царинските прописи. Ако се работи за овластен застапник на главниот обврзник, мора да се запише и име и презиме на овластениот застапник кој се потпишува за сметка на главниот обврзник.

Листот број 1 од ЕЦД кој го задржува појдовниот царински орган, главниот обврзник или неговиот овластен застапник (овластено лице) мора своерачно да го потпише. Ако главниот обврзник е правно лице, покрај своерачниот потпис мора да биде наведено име, презиме и функција (позиција) на лицето кое се потпишало.

**РУБРИКА 51 - ПРЕДВИДЕНИ ЦАРИНСКИ ОРГАНИ НА ТРАНЗИТ (И ЗЕМЈИ)**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 52 - ГАРАНЦИЈА**

Во првата подрубрика се запишува евидентниот број на гаранцијата од потврдата за гаранција или од потврдата за иземање на гаранцијата или од поединечната гаранција во форма на ваучери.

Во втората подрубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 53 - ОДРЕДИШЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Во оваа рубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри на царинската испостава каде стоката е презентирана за завршување на транзитната постапка.

**РУБРИКА 54 - МЕСТО И ДАТУМ, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И ПОТПИС НА ДЕКЛАРАНТОТ ИЛИ НЕГОВИОТ ЗАСТАПНИКОТ**

Во оваа рубрика се запишува место и датумот на поднесување на декларацијата.

Во случај кога нема застапување, во оваа рубрика се запишува име, презиме и потпис на лицето кое е овластено за потпишување кај декларантот. Декларантот ја заверува оваа рубрика со печат.

Во случај на застапување, без оглед на видот на застапување, оваа рубрика ја заверува со печат застапникот и се запишуваат следниве податоци:

- бројот на одобрение за вршење на работи за застапување на застапникот,
- бројот на царинската лиценца за вршење на работи за застапување на лицето кај застапникот, како и негово име, презиме и потпис.

**РУБРИКА 55 - ПРЕТОВАР**

Во оваа рубрика, на листот обележан со број 4 и 5 се запишуваат местото на претовар, регистрација и земја на новото транспортно средство во кое стоката е претоварена, број на контејнер, ако се врши претовар во нов контејнер. Податоците може да се запишат рачно, со мастило и печатни букви.

Превозникот може да ја претовара стоката после добивање на одобрение од царинскиот орган.

Ако царинскиот орган оцени дека превозот може да продолжи по вообичаени патишта, ќе ги завери листовите број 4 и 5 на ЕЦД.

**РУБРИКА 56 - ДРУГИ НЕЗГОДИ ЗА ВРЕМЕ НА ТРАНЗИТОТ / ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ**

Оваа рубрика се пополнува во согласност со прописите кои важат за транзитната постапка.

Доколку стоката била натоварена на полуприколка и во текот на патувањето дојде до промена на влечното возило (без претовар на стоката), во оваа рубрика се запишува регистарскиот број и шифрата на земјата на новото влечно возило. Во овој случај не е потребно заверување од страна на надлежен царински орган.

**II.2. Пополнување на рубриките во ЕЦД за пуштање на стока во слободен промет, започнување на постапка за царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола, привремен увоз и уништување на стока под царински надзор**

**РУБРИКА 1 - ДЕКЛАРАЦИЈА**

Оваа рубрика е поделена на три подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- првата подрубрика: се запишува шифрата од кодексот на шифри.
- втората подрубрика: се запишува првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика на рубрика 37.
- третата подрубрика: ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа подрубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 2 - ИСПРАЌАЧ/ИЗВОЗНИК**

Во оваа рубрика се запишува назив и адреса на странската фирма или име, презиме и адреса на лицето, што ја испраќа или продава стоката.

**РУБРИКА 3 - ОБРАСЦИ**

Оваа рубрика е поделена на две подрубрики во кои се запишуваат податоци за редоследниот број на образецот ЕЦД или дополнителниот образец ЕЦД-БИС во однос на вкупниот број на обрасци.

Во првата подрубрика, со должина од две места, се запишува редоследниот број на образецот.

Во втората подрубрика, со должина од две места, се запишува вкупен број на обрасци, кои ја сочинуваат декларацијата.

На пример, еден образец ЕЦД со 5 наименувања треба да содржи еден образец ЕЦД и два обрасци ЕЦД-БИС. На првиот образец т.е. на ЕЦД се запишува "1" во првата подрубрика и "3" во втората подрубрика. На вториот образец т.е. на првиот образец ЕЦД-БИС се запишува "2" и "3" соодветно, и на крај на третиот образец т.е. вториот образец ЕЦД-БИС се запишува "3" и "3" соодветно).

Ако кон образецот ЕЦД не се приложува дополнителен образец ЕЦД-БИС, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 4 - ТОВАРНИЦИ**

Во оваа рубрика се запишува вкупен број на приложени товарници, доколку се приложени, или вкупниот број на листи за опис на стоката потврдени од страна на царинскиот орган.

**РУБРИКА 5 - НАИМЕНУВАЊА**

Во оваа рубрика се запишува вкупниот двоцифрен број на наименувања декларирани со образецот ЕЦД и со дополнителниот образец ЕЦД-БИС. Бројот на наименувања мора да одговара со бројот на пополнетите рубрики за "ОПИС НА СТОКАТА"

**РУБРИКА 6 - БРОЈ НА КОЛЕТИ**

Во оваа рубрика се запишува вкупниот број на колети кои ја сочинуваат предметната пратка.

Ако стоката е во растурлива состојба, во оваа рубрика се запишува "1".

**РУБРИКА 7 - РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ**

Во оваа рубрика се запишува редниот број, составен само од нумерички ознаки, на декларантот/застапникот.

**РУБРИКА 8 - ПРИМАЧ**

Во оваа рубрика се запишува назив и адреса на фирмата, на која стоката и се доставува. Во десниот горен агол после ознаката "Бр." се запишува нејзиниот даночниот број.

Ако примач е физичко лице-резидент (лице со живеалиште или одобрен престој) на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: единствен матичен број на граѓанинот.
- втор ред: не се пополнува.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Ако примач е физичко кој не е резидент на Република Македонија, десниот горен агол после ознаката "Бр." не се пополнува, а во останатите редови се запишува:

- прв ред: не се пополнува.
- втор ред: бројот на неговата патна исправа.
- трет и четврт ред: име и презиме и адреса на граѓанинот.

Ако започнува постапката на царинско складирање во приватен царински склад од типот "Ц" "Д" и "Е", во оваа рубрика се запишува назив и адреса на корисникот на царинскиот склад. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночен број.

Ако започнува или завршува постапка со економски ефект, различна од постапка на царинско складирање, во оваа рубрика се запишува назив и адреса на имателот на одобрение за таквата постапка. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночен број.

Во случај на збирна пратка за повеќе примачи, во оваа рубрика се запишува "РАЗЛИЧНИ", а кон декларацијата се приложува листа на примачи.

**РУБРИКА 9 - ФИНАНСИСКО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 10 - ЗЕМЈА НА ПОСЛЕДЕН ПРИЕМ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 11 - ЗЕМЈА СО КОЈА СЕ ТРГУВА**

Во оваа рубрика се запишува шифрата на земјата од кодексот на шифри во која е седиштето на странската фирма запишана во рубрика 2.

**РУБРИКА 12 - ПОЕДИНОСТИ ЗА ВРЕДНОСТА**

Во оваа рубрика се запишува вкупната вредност на трошоците (превоз, осигурување, амбалажа и други трошоци), од декларацијата за царинска вредност изразена во денари според курсот на денарот за утврдување на царинската вредност, која ја зголемува или намалува царинската вредност.

Ако трошоците ја намалуваат царинската вредност пред износот на вредноста се запишува знакот "-".

Ако погоре наведените трошоци не постојат, во оваа рубрика се запишува "0"(нула).

**РУБРИКА 13 - ЗЗП (ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА)**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 14 - ДЕКЛАРАНТ/ЗАСТАПНИК**

Во оваа рубрика се запишува назив и адреса на декларантот или застапникот. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број.

Во случај кога нема застапување оваа рубрика е идентична со рубрика 8.

Во случај на застапување, без оглед на видот на застапување, во оваа рубрика се запишува назив и адреса на застапникот, а во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува неговиот даночниот број.

За да се одреди декларантот или статусот на застапникот, се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 15 - ЗЕМЈА НА ПОАЃАЊЕ/ИЗВОЗ**

Во оваа рубрика се запишува називот на земјата од каде стоката е извезена, односно називот на земјата на поаѓање од каде стоката била испратена.

**РУБРИКА 15а и 15б - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА ПОАЃАЊЕ/ ИЗВОЗ**

Во рубриката 15а се запишува шифрата на земјата од рубрика 15, од кодексот на шифри.

Рубриката 15б, ако со посебни прописи не е поинаку определено, не се пополнува.

**РУБРИКА 16 - ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО**

Се запишува називот на земјата од која стоката потекнува според прописите за потекло на стоката и исправите со кои се докажува потеклото на стоката, а нејзината шифра од кодексот на шифри се запишува во рубрика 34а.

Ако декларацијата се однесува на повеќе наименувања со различно потекло на стоката, во оваа рубрика се запишува "РАЗЛИЧНО".

**РУБРИКА 17 - ЗЕМЈА НА НАМЕНА**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 17а и 17б - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА НАМЕНА**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 18 - ИДЕНТИТЕТ И ЗЕМЈА НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ПРИ ДОАЃАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишуваат податоци за идентитетот на транспортното средство во кое стоката е директно натоварена во моментот на презентирање на царинскиот орган кога формалностите кај одредишниот царински орган се завршени. Ако влекачот и приколката имаат различни регистарски броеви, се запишуваат и двата регистарски броја.

Во зависност од видот на транспортот, во табелата која следи се дадени податоци за идентитетот кои треба да бидат запишани:

| Вид на транспорт | Метод на идентификација |
|---|---|
| Езерски транспорт | Име на пловило |
| Воздушен транспорт | Број и датум на летот (во случај да нема број на лет, се запишува регистарскиот број на воздухопловот) |
| Патен транспорт | Регистарскиот број на возилото |
| Железнички транспорт | Број на вагонот |

За пратки во поштенскиот промет, како и при пратки кои се транспортираат со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 19 - КОНТ. (КОНТЕЈНЕР)**

Во оваа рубрика се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри во зависност од ситуацијата кога се преминува границата.

**РУБРИКА 20 - УСЛОВИ НА ИСПОРАКА**

Во оваа рубрика се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри во зависност од условите од комерцијалниот договор и тоа:

- во првата подрубрика, со должина од три места, се запишува шифра по ИНКОТЕРМС од кодексот на шифри.
- во втората подрубрика се запишува името на местото на кој се однесува условот на испорака (паритетот).
- во третата подрубрика, со должина од едно место, се запишува шифрата од кодексот на шифри, која го определува наведеното место од втората подрубрика дали се наоѓа внатре или надвор од царинското подрачје или на граница.

**РУБРИКА 21 - ИДЕНТИТЕТ И ЗЕМЈА НА АКТИВНОТО ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ШТО ЈА МИНУВА ГРАНИЦАТА**

Во оваа рубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри за земјата на активното (влечното) транспортното средство со кое стоката ја минува границата во моментот на завршување на формалностите.

Во случај на комбиниран транспорт или кога се користат различни транспортни средства, активното транспортно средство е она што ја влечи целата комбинација. Во случај на влекач и приколка, активно транспортно средство е влекачот.

За пратки во поштенскиот промет, како и при пратки кои се транспортираат со посебни видови на транспорт (цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 22 - ВАЛУТА И ВКУПЕН ИЗНОС НА ФАКТУРАТА**

Во првата подрубрика се запишува шифра од кодексот на шифри за видови на валути во која се искажува вредноста на стоката.

Во втората подрубрика се запишува вкупната фактурна цена на стоката, искажана во валута од првата подрубрика на оваа рубрика, заокружена на две децимални места. Вкупната фактурна цена на стоката е збир на износите од рубриките 42 во сите наименувања.

Ако вредноста на стоката е искажана во повеќе валути, за секој вид на валута треба да се поднесе посебен сет на ЕЦД.

**РУБРИКА 23 - КУРС НА ВАЛУТА**

Во оваа рубрика се запишува курсот помеѓу валутата од фактурата и македонскиот денар, кој се употребува за пресметка на давачките на денот на поднесување на ЕЦД. При употреба на поедноставени постапки, согласно член 88 од Законот, при дополнителната декларација се запишува курсот кој бил употребен на денот на прифаќање на непотполната (поедноставената) декларација.

**РУБРИКА 24 - ПРИРОДА НА ТРАНСАКЦИЈАТА**

Оваа рубрика е поделена на три подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- прва подрубрика: се запишува шифра од кодексот на шифри (колона А).

- втора подрубрика: се запишува шифра од кодексот на шифри (колона Б).

- трета подрубрика: ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа подрубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 25 - ВИД НА ТРАНСПОРТ НА ГРАНИЦА**

Во оваа рубрика се запишува шифра од кодексот на шифри за видот на активното (влечното) транспортно средство со кое стоката ќе влезе во царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 26 - ВИД НА ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ**

Во оваа рубрика се запишува шифра од кодексот на шифри за видот на активното (влечното) транспортно средство во моментот на пристигнување.

**РУБРИКА 27 - МЕСТО НА УТОВАР**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 28 - ФИНАНСИСКИ И БАНКАРСКИ ПОДАТОЦИ**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 29 - ВЛЕЗЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри на царинската испостава каде стоката влегла во царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 30 - СТОКАТА Е СМЕСТЕНА**

Оваа рубриката се пополнува при започнувањето на постапката на царинско складирање или кога стоката во претходната постапка била складирана во царински склад од типот "А", "Б", "Ц", "Е" или "Ф". Во овој случај, во рубриката се запишува шифрата на складот наведен во одобрението за отварање на царински склад.

**РУБРИКА 31 - КОЛЕТИ И ОПИС НА СТОКАТА; ОЗНАКИ И БРОЕВИ; БРОЈ НА КОНТЕЈНЕР; БРОЈ И ВИД**

Оваа рубрика се состои од осум реда и се пополнува на следниов начин:

прв ред:

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, овој ред не се пополнува.

втор ред:

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, овој ред не се пополнува.

трет ред:

Овој ред се состои од три дела и се пополнува на следниов начин:

*прв дел (број на колети):*

- во овој дел се запишува вкупниот број на колети. Во случај на стока неспакувана во колети, се запишува бројот на таквата стока опфатена со декларацијата заедно со податоците потребни за нејзина идентификација.

*втор дел (шифра за вид на колети):*

- во овој дел се запишува шифрата за видот на колетите од кодексот на шифри.

*трет дел (вид на колета):*

- во овој дел се запишува видот на колетата

четврти и петти ред (идентификационен број на контејнери):

- ако во рубрика 19 е запишан бројот "1" се запишува идентификациониот број на контејнерот. Вкупно може да се запишат четири идентификациони броеви на контејнери.

шести и останати редови (опис на стоката):

- во овој и во останатите редови се запишува вообичаениот трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката.

Ако во ЕЦД се пополнува рубрика 33 (тарифна ознака), описот на стоката мора да обезбеди недвосмислено распоредување според Царинската тарифа и правилна примена на сите други прописи поврзани со видот на стоката за избраната царинска постапка.

Ако се употребува товарница од член 231 од Уредбата или листи за опис на стоката, во шестиот ред се запишува општ опис на стоката со повикување на товарницата или листите за опис на стоката. Во товарницата или во листите за опис на стоката, описот на стоката треба да биде наведен доволно прецизно, од кој произлегува јасна идентификација на количината и видот на стоката, заради обезбедување на пресметката на царинскиот долг кој би можел да настане.

По исклучок, шестиот и останатите редови се пополнуваат на следниов начин:

- ако се увезува воена опрема и делови на предмети за вооружување, се запишува заедничко наименување "Воена опрема и делови на предмети за вооружување".

- ако привремено се увезува или се врши повторен увоз на привремено извезена стока заради излагање или уредување на меѓународни саеми, изложби и други приредби, се запишува "Стока за излагање", односно "Стока за уредување".

- ако привремено се увезува алат, ситен инвентар и мостри, во оваа рубрика се запишува "Алат, ситен инвентар и мостри".

- ако физички лица, увезуваат предмети за сопствено домаќинство ослободени од плаќање на царина, во оваа рубрика се запишува "Предмети за сопствено домаќинство". Ако предметите за домаќинство, според посебни прописи подлежат на одредени одобренија/дозволи од други органи, се запишуваат и други податоци потребни за идентификација на тие предмети.

**РУБРИКА 32 - РЕДЕН БРОЈ НА НАИМЕНУВАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишува редниот број на наименувањето во однос на вкупниот број на наименувања наведен во рубрика 5.

**РУБРИКА 33 - ТАРИФНА ОЗНАКА**

Оваа рубрика е поделена на пет подрубрики и се пополнува на следниов начин:

- прва подрубрика: се запишуваат првите осум бројки од тарифната ознака.

- втора подрубрика: се запишува деветата и десетата бројка од тарифната ознака.

- трета подрубрика: е запишува соодветната шифра од кодексот на шифри на задолжителната единица мерка пропишана со Законот за царинска тарифа.

- четврта подрубрика: се запишува шифрата од кодексот на шифри.

- петта подрубрика: се запишува бројот "7000" ако се применува член 7 од Законот за царинска тарифа;

се запишува бројот "5000" ако се пуштаат во слободен промет акцизни производи за кои акцизата е платена со купувањето на контролните марки (на амбалажата на производите кои се царинат е залепена контролна марка);

се запишува бројот "6000" ако се транспортираат акцизни производи, во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, до акцизен склад или до имател на акцизно одобрение со акцизен документ (акцизата не е платена при увозот);

во спротивно, оваа подрубрика не се пополнува.

По исклучок, првата и втората подрубрика се пополнуваат на следниов начин:

- ако се увезува воена опрема и делови на предмети за вооружување, се запишува: "9801 80 00 00".

- ако привремено се увезува или се врши повторен увоз на привремено извезена стока заради излагање или уредување на меѓународни саеми, изложби и други приредби, се запишува "9801 40 00 00".

- ако привремено се увезува алат, ситен инвентар и мостри, во оваа рубрика се запишува "9801 90 00 00".

- ако физички лица, увезуваат предмети за сопствено домаќинство ослободени од плаќање на царина, во оваа рубрика се запишува "9801 30 00 00".

**РУБРИКА 34 - ШИФРА НА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО**

Во рубриката 34а се запишува шифрата на земјата од кодексот на шифри за земји, која е наведена во рубрика 16. Ако во рубрика 16 е запишано "РАЗЛИЧНО" се запишува шифра на земјата од која стоката од соодветното наименување потекнува.

**РУБРИКА 35 - БРУТО-МАСА (КГ)**

Во оваа рубрика се запишува бруто-масата на стоката дадена во комерцијалниот документ, изразена во килограми, заокружена на две децимални места.

Бруто-масата е збирна маса на стоката со нејзината амбалажа, исклучувајќи ги контејнерите и другата транспортна опрема.

Ако бруто-масата не е можно да се определи (пренос на стока со посебни видови на транспорт: цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 36 - ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛИ**

Во оваа рубрика се запишуваат податоци за тарифниот третман на стоката со запишување на шифрата од кодексот на шифри. Ако не се бараат посебни повластувања се запишува "100".

**РУБРИКА 37 - ПОСТАПКА**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 38 - НЕТО-МАСА (КГ)**

Во оваа рубрика се запишува нето-масата на стоката опишана во соодветната рубрика 31, изразена во килограми. Нето-масата е масата на самата стока без нејзината амбалажа.

Ако нето-масата не е можно да се определи (пренос на стока со посебни видови на транспорт: цевовод или електрични водови), оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 39 - КВОТА**

Во оваа рубрика се запишува бројот на одобрението за користење на тарифна квота.

**РУБРИКА 40 - ЗБИРНА ДЕКЛАРАЦИЈА/ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ**

Во оваа рубрика се запишуваа соодветната шифра од кодексот на шифри која означува одредени поединости за збирната декларација или за претходниот документ.

**РУБРИКА 41 - КОЛИЧИНА ВО ЕДИНИЦА МЕРА**

Во оваа рубрика се запишува количината на стоката за предметното наименување изразена во единечна мерка наведена во третата подрубрика на рубрика 33.

Ако сукцесивно се царини стока, а која е неделива по количина, оваа рубрика ќе се пополнува со децимални броеви сразмерно на фактурната вредност во однос на вкупната вредност од решението за сукцесивен увоз (на пример, ако во решението за сукцесивен увоз количината во единица мера е 1 со вкупна вредност 115.624 парични единици и при првата пратка се увезува дел од пратката со фактурна вредност од 67.823 парични единици, во оваа рубрика се запишува "0,59". Овој број се добива кога фактурната вредност на дел од пратката ќе се подели со вкупната вредност од решението за сукцесивен увоз (67823:115624=0,586583)).

**РУБРИКА 42 - ВРЕДНОСТ НА НАИМЕНУВАЊЕТО**

Во оваа рубрика се запишува фактурната цена на стоката за соодветното наименување изразена во валутата од првата подрубрика на рубриката 22.

За ЕЦД со едно наименување, оваа рубрика мора да биде идентична со втората подрубрика на рубриката 22.

**РУБРИКА 43 - ВРЕДНОСЕН МЕТОД**

Во оваа рубрика се запишува шифра од кодексот на шифри во зависност од употребената метода за утврдување на царинската вредност.

**РУБРИКА 44 - ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРИЛОЖЕНИ ДОКУМЕНТИ, ПОТВРДИ И ОДОБРЕНИЈА**

Во оваа рубрика се запишуваат податоци за видот и бројот на приложените документи, податоци за бараните одобрувања, податоци потребни за утврдување на царинската вредност на стоката и основицата за пресметка на данок на додадена вредност, податоци за броевите на документите кои се приложени кон ЕЦД и други податоци заради спроведување на царинската постапка.

Кога декларацијата за ставање на стока во постапка на царинско складирање се поднесува кај царински орган различен од надзорниот царински орган, во оваа рубрика се запишува шифра и името на надзорниот царинскиот орган.

Во оваа рубрика се запишуваат следниве податоци и тоа за:

- износот на акцизата платен со употреба на контролни марки кој се вклучува во основицата за пресметка на данокот на додадена вредност,
- фактурите,
- бројот на непотполната или поедноставената увозна декларација, употребена при поедноставената постапка,
- дозволи и одобренија во согласност со прописите за забрани и ограничувања,
- број и датум на увозни дозволи/одобренија/решенија или документи за надзор,
- број на приложена гаранција,
- број и датум на разни дозволи/одобренија,
- посебни барања во согласност со прописите за акцизи,
- вид и број на приложени преференцијални докази,
- други приложени документи,
- други забелешки.

Во делот означен "Шифра", се запишува шифрата на формата на увоз од кодексот на шифри.

**РУБРИКА 45 - ПРИЛАГОДУВАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишува коефициент за зголемување/намалување на вредноста од рубрика 42 потребен заради утврдување на царинската вредност или примена на други царински прописи. Ако не е потребно зголемување/намалување на вредноста од рубрика 42 се запишува "1".

**РУБРИКА 46 - СТАТИСТИЧКА ВРЕДНОСТ**

Во оваа рубрика се запишува вредноста на стоката изразена во денари на паритет "испорачано на македонска граница". Фактурната цена на стоката се пресметува во денари по курсот, кој е запишан во рубрика 23.

За повторен увоз на стока која била извезена за облагородување, се запишува вкупната пресметана вредност на извезената стока, вредноста на услугите, вредноста на вградениот материјал, како и вредноста на трошоците настанати надвор од царинското подрачје на Република Македонија.

**РУБРИКА 47 - ПРЕСМЕТКА НА ДАВАЧКИ**

Оваа рубрика е поделена на пет колони и се пополнува на следниов начин:

- прва колона "ВИД": шифрата на давачка според кодексот на шифри.
- втора колона "ОСНОВА": царинска вредност, количина или друга пропишана основа за пресметка на давачката.
- трета колона "СТАПКА": стапката или друга мерна единица по која се пресметува давачката.
- четврта колона "ИЗНОС": давачка што се плаќа за соодветното наименување.

Ако единствениот царински документ се состои од повеќе наименувања, износот на надоместокот за царинска услуга се пополнува во рекапитулацијата на последното ЕЦД-БИС.

- петта колона "НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ": шифра од кодексот на шифри.

Ако со еден образец ЕЦД е декларирана стока која се распоредува во повеќе тарифни ознаки на номенклатурата на Царинската тарифа, рекапитулацијата на вкупниот износ на давачките по видови се запишува во последната поделба на образецот ЕЦД-БИС.

**РУБРИКА 48 - ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ**

Во оваа рубрика се запишува број на одобрение на царинскиот орган за одложено плаќање на давачките.

Во случај кога одобрението за одложено плаќање на давачките е дел од одобрението за поедноставени постапки во согласност со член 88 од Законот, бројот на одобрението за одложено плаќање е еднакво со бројот на одобрението за поедноставена постапка.

**РУБРИКА 49 - ОЗНАКА НА СКЛАДОТ**

Оваа рубриката се пополнува при започнувањето на постапката на царинско складирање во царински склад од типот "Д", или кога стоката во претходната постапка била складирана во царински склад од типот "Д". Во овој случај, во рубриката се запишува шифрата на складот наведен во одобрението за отварање на царински склад.

**РУБРИКА 50 - ГЛАВЕН ОБВРЗНИК**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 51 - ПРЕДВИДЕНИ ЦАРИНСКИ ОРГАНИ НА ТРАНЗИТ (И ЗЕМЈИ)**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 52 - ГАРАНЦИЈА**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 53 - ОДРЕДИШЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА 54 - МЕСТО И ДАТУМ, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И ПОТПИС НА ДЕКЛАРАНТОТ ИЛИ НЕГОВИОТ ЗАСТАПНИКОТ**

Во оваа рубрика се запишува место и датумот на поднесување на декларацијата.

Во случај кога нема застапување, во оваа рубрика се запишува име, презиме и потпис на лицето кое е овластено за потпишување кај декларантот. Декларантот ја заверува оваа рубрика со печат.

Во случај на застапување, без оглед на видот на застапување, оваа рубрика ја заверува со печат застапникот и се запишуваат следниве податоци:

- бројот на одобрение за вршење на работи за застапување на застапникот,
- бројот на царинската лиценца за вршење на работи за застапување на лицето кај застапникот, како и негово име, презиме и потпис.

**II.3. Пополнување на текстуалните рубрики**

Рубриките кои во ЕЦД се означени со големи печатни букви ги пополнува царинскиот или друг надлежен орган, ако така е предвидено со прописите, во зависност од постапката што декларантот/застапникот ја бара. Кога рубриките ги пополнува царинскиот орган, царинскиот работник мора на сите листови на ЕЦД, како што е пропишано, да стави своерачен потпис додека ставањето на факсимил е само на листовите од ЕЦД кои се наменети за царинскиот орган.

По исклучок:

- декларантот во горниот дел на рубриката А и В запишува име и шифра на царинската испостава каде е поднесена декларацијата,
- во дополнителната царинска декларација декларантот во рубриката (S) односно (Г) го запишува датумот од одобрението за завршување на постапката со економски ефект.

**РУБРИКА А - ПОЈДОВЕН/ИЗВОЗЕН (лист 1, 2 и 3 на ЕЦД) /ОДРЕДИШЕН (лист 6, 7 и 8 на ЕЦД) ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Оваа рубрика се состои од три реда, се пополнува при извозна постапка, заедничка извозно-транзитна постапка, увозна постапка и тоа на следниов начин:

Прв ред:

Се запишува шифрата од кодексот на шифри и името на појдовниот/извозниот царинскиот орган.

Втор ред:

Овој ред не се пополнува.

Трет ред:

Се запишува бројот под кој ЕЦД е регистриран во соодветниот контролник и датумот и часот на прифаќање на царинската декларација како и потпис и факсимил на царинскиот работник.

Во дополнителна декларација за непотполна декларација од член 88 став 1 точка а) од Законот, во оваа рубрика се запишува број и датум на прифаќање на непотполната царинска декларација. Податоците се одвоени со коса црта.

**РУБРИКА Б - ПОДАТОЦИ ЗА КНИЖЕЊЕ (лист 1, 2, 3 и 6, 7, 8 на ЕЦД)**

Оваа рубрика е наменета за запишување на податоци и забелешки во врска со пресметката и плаќањето на давачките. Се пополнува при извозна постапка, заедничка извозно-транзитна постапка и увозна постапка.

Во горниот дел на оваа рубрика се запишува, одвоен со коса црта бројот и датумот на утврдување на ЕЦД.

Во средниот дел на оваа рубрика се запишува, одвоен со коса црта редниот број и датумот од приходната книга под кој е прокнижен ЕЦД, кој се заверува со потпис и факсимил на одговорниот царински работник.

**РУБРИКА В - ПОЈДОВЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН (лист 4, 5 на ЕЦД)**

Оваа рубрика се пополнува при транзитна и заедничка извозно-транзитна постапка.

Во горниот дел на оваа рубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри и името на појдовниот царинскиот орган каде започнува транзитната постапка.

Во долниот дел на оваа рубрика се запишува:

- бројот под кој ЕЦД е регистриран во соодветниот контролник и датумот и часот на прифаќање на царинската декларација;
- потпис и факсимил на царинскиот работник како и печат на појдовниот царински орган.

**РУБРИКА Г - КОНТРОЛА НА ПОЈДОВЕН/ИЗВОЗЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН (лист 1, 2, 3, 4, 5 на ЕЦД)**

Оваа рубрика се пополнува при:

- извозна постапка (лист 1, 2 и 3 на ЕЦД),
- заедничка извозно-транзитна постапка (лист 1, 2, 3, 4 и 5 на ЕЦД),
- транзитна постапка (лист 1, 4 и 5 на ЕЦД), и тоа на следниов начин:

прв ред "РЕЗУЛТАТ": наодите од прегледот на стоката,

втор ред "СТАВЕНИ ПЛОМБИ - ВКУПНО": вкупен број на ставени царински пломби.

трет ред "ИДЕНТИТЕТ": идентификациски ознаки на ставените царински обележја.

четврт ред "РОК-ДАТУМ": рокот-датумот за предавање на стоката на одредишниот царински орган.

пети ред "ПОТПИС": потпис и факсимил на царинскиот работник, односно царинските работници кои го извршиле прегледот на стоката.

дел "ПЕЧАТ": печат на појдовен/извозен царински оран.

**РУБРИКА Д - КОНТРОЛА КАЈ ПОЈДОВЕН/ИЗВОЗЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Оваа рубрика се наоѓа одзади на листот број 1 на ЕЦД и се пополнува при:

- извозна постапка (лист 1, 2 и 3 на ЕЦД),
- заедничка извозно-транзитна постапка (лист 1, 2, 3, 4 и 5 на ЕЦД),
- транзитна постапка (лист 1, 4 и 5 на ЕЦД), и тоа на следниов начин:

Горниот дел од оваа рубрика ја пополнува ветеринарниот, пазарниот, санитарниот или друг овластен орган, доколку таква контрола е пропишана за предметната постапка.

Во долниот дел на оваа рубрика може да се запишуваат и подеталните наоди на царинскиот орган за прегледот на стоката.

**РУБРИКА Ѓ - ПОТВРДА ОД НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН**

Оваа рубрика се наоѓа одзади на листот број 4 и 5 на ЕЦД и е наменета за потврдување на претовар на стоката во друго транспортно средство, наведено во рубриката 55 на ЕЦД. Се запишува вкупниот број и ознаките на ново ставените царински обележја, печат на надлежниот царински орган и име и презиме потпис и факсимил на одговорниот царински работник.

**РУБРИКА Е - ПОТВРДА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ**

Во оваа рубрика се запишуваат потврди од надлежни органи (на пример, царина, полиција....) а во врска со вонредните случки за време на транзитот, кои се запишани во рубрика 56 одзади на листот број 4 и 5 на ЕЦД.

Потврдите, надлежните органи ги заверуваат со службен печат и потпис.

**РУБРИКА Ж - ДОПОЛНИТЕЛНА КОНТРОЛА** (ако листот се употребува за утврдување на статусот на стоката во транзитна постапка на ЕУ)

Оваа рубрика се наоѓа одзади на листот број 4 на ЕЦД. Ако со посебни прописи не е поинаку определено, оваа рубрика не се пополнува.

**РУБРИКА З - КОНТРОЛА НА ОДРЕДИШЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН (потврда на прием)**

Оваа рубрика се наоѓа одзади на листовите број 4 и 5 на ЕЦД, се состои од два дела и се пополнува при транзитна и заедничка извозно-транзитна постапка на следниов начин:

Во првиот дел на рубриката се запишува:

- датум на пристигнување на стоката во одредишниот царински орган;
- утврдена состојба на царинските обележја и стоката и тоа со зборот "СЕ СОВПАЃА" ако нема забелешки, односно со зборот "РАЗЛИКА", ако се утврди разлика во количината на стоката. Во случај на разлика, се наведува и начинот како била утврдена разликата (при прегледот, врз основа на документи), и предложените мерки во тој случај.

Во вториот дел на рубриката се запишува:

- шифра на одредишниот царински орган од кодексот на шифри, како и бројот и датумот од контролникот под кој е евидентиран ЕЦД кај одредишниот царински орган;
- датум на испраќање на потврдата на прием;
- потпис и факсимил на одговорниот царински работник и печат на одредишниот царински орган.

**ЗАБЕЛЕШКА ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ** (се пополнува од соодветно лице пред презентирање на одредишниот царински орган)

На барање на соодветно лице, одредишниот царински орган го потврдува пополнетиот исечок (исечок кој се наоѓа на задната страна на листот број 5 на ЕЦД).

**РУБРИКА S - КОНТРОЛА НА ОДРЕДИШЕН ЦАРИНСКИ ОРГАН**

Оваа рубрика се наоѓа на листовите број 6, 7 и 8 на ЕЦД, се пополнува при увозна постапка со запишување на податоците како што е предвидено за рубриката "Г" при извозна и транзитна постапка.

Рубриката "S" која се наоѓа од задната страна на листот број 6 на ЕЦД, се запишуваат податоците како што е предвидено за рубриката "Д".

## ГЛАВА IV

### СТАТИСТИЧКО СЛЕДЕЊЕ НА СТОКОВНАТА РАЗМЕНА СО СТРАНСТВО

**Природа на трансакцијата**

Природата на трансакцијата всушност означува дали увозот односно извозот е привремен или не и дали се плаќа или не извезената односно увезената стока. Постојат следниве видови трансакции:

| Шифра | Опис | Шифра 1 | Опис1 | подрубрика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трансакција при која е променета или ќе се промени сопственоста на стоката со плаќање - надомест (финансиски или друг) (исклучувајќи ги трансакциите со шифра 2, 7 или 8) | 0 | Занаетчии | 10 |
| | | 1 | Редовна купопродажба на стоки | 11 |
| | | 2 | Консигнациска продажба и комисиона купопродажба | 12 |
| | | 3 | Бартер трговија - компензација | 13 |
| | | 4 | Купопродажба на стоки заради наплата/плаќање на услуги - доработка | 14 |
| | | 5 | Купување на стоки од физички лица | 15 |
| | | 6 | Финансиски лизинг | 16 |
| | | 7 | Снабдување на превозни средства во меѓународниот сообраќај | 17 |
| | | 8 | Кредит | 18 |
| | | 9 | Странско вложување | 19 |
| 2 | Враќање на стока која претходно била оцаринета со шифрата 1 или 6.2; бесплатна замена на стока | 0 | Враќање на стоки кои нема да бидат заменети | 20 |
| | | 1 | Враќање на стоки кои ќе бидат заменети | 21 |
| | | 2 | Замена за вратени стоки | 22 |
| | | 3 | Замена за стоки кои не биле вратени | 23 |
| 3 | Трансакција (која не е привремена) при која е променета или ќе се промени сопственоста на стоката без плаќање - надомест (финансиски или друг) | 1 | Испраќање на стоки според програма за помош | 31 |
| | | 2 | Испраќање на стоки како меѓувладина помош | 32 |
| | | 3 | Испраќање на друга помош (физички лица и невладини организации) | 33 |
| | | 4 | Друго (член 46 од ЗНТР - мора да биде појаснето во рубрика 44) | 34 |
| | | 5 | Реекспедиција | 35 |
| 4 | Започнување на облагородување или поправка на стока | 1 | Облагородување на стока | 41 |
| | | 2 | Поправка на стока со плаќање | 42 |
| | | 3 | Бесплатна поправка на стока | 43 |
| 5 | Завршување на облагородување или поправка на стока; Враќање во непроменета состојба на несоодветни стоки, привремено увезени/извезени заради облагородување | 1 | Облагородување на стока | 51 |
| | | 2 | Поправка на стока со плаќање | 52 |
| | | 3 | Бесплатна поправка на стока | 53 |
| | | 4 | Враќање во непроменета состојба на несоодветни стоки, привремено увезени/извезени заради облагородување, кои ќе бидат заменети со соодветни стоки | 54 |
| | | 5 | Враќање во непроменета состојба на несоодветни стоки, привремено увезени/извезени заради облагородување, кои нема да бидат заменети со соодветни стоки | 55 |
| 6 | Трансакција при која не е променета сопственоста на стоката, на пример оперативен лизинг - закуп и друга привремена употреба на стоки освен онаа по 4 и 5 (облагородување и поправка - испраќање и враќање) | 1 | Оперативен лизинг - закуп | 61 |
| | | 2 | Препродажба (реекспорт) | 62 |
| | | 3 | Стока бесплатно дадена на испитување, излагање или вршење проби | 63 |
| | | 4 | Стока заради излагање на меѓународни саеми, изложби и други приредби | 64 |
| | | 5 | Амбалажа, товарен прибор и прибор за заштита наменети за доставување на стока | 65 |
| | | 6 | Испраќање на стоки за политички претставништва и амбасади | 66 |
| | | 7 | Складирање на стока за туѓа сметка | 67 |
| | | 8 | Друго | 68 |

| Шифра | Опис | Шифра 1 | Опис1 | подрубрика |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Долгорочна производна кооперација | 1 | За одбранбени намени | 71 |
| | | 2 | За заеднички меѓувладини програми | 72 |
| | | 3 | За други намени | 73 |
| 8 | Изведување на инвестициони работи | 0 | Изведување на инвестициони работи во странство | 80 |
| | | 1 | Изведување на инвестициони работи во Република Македонија | 81 |

Сите видови на постапки што се предмет на царинското евидентирање, дефинирани во Правилникот за единствениот царински документ и другите исправи во царинската постапка, не се вклучени во надворешно-трговската статистика (како што е случајот со трансакциите под шифра 6) .

**Видови на постапки**

Има три вида извоз и три вида увоз, односно се следи редовниот извоз/увоз, привремениот извоз/увоз и повторниот извоз/увоз:

| | Вид на постапка | Шифра |
|---|---|---|
| 1 | **ИЗВОЗ** | |
| | Извоз / испраќање на стоки | 10 |
| 2 | **ПРИВРЕМЕН ИЗВОЗ** | |
| | Привремен извоз на стоки заради поправка без систем на замена | 20 |
| | Привремен извоз на стоки заради поправка со систем на замена | 21 |
| | Привремен извоз на стоки заради облагородување | 22 |
| | Извоз на стоки кои ќе се вратат во неизменет вид (привремен извоз) | 23 |
| 3 | **ПОВТОРЕН ИЗВОЗ** | |
| | Повторен извоз на привремено увезени стоки | 31 |
| 4 | **УВОЗ** | |
| | Пуштање на стоки во слободен промет | 40 |
| | Пуштање на стоки во слободен промет во рамките на системот на враќање на царина - draw back систем | 41 |
| | Пуштање на стоки во слободен промет во слободна зона кои се употребуваат во процесот на производство во рамките на одобрени дејности | 47 |
| 5 | **ПРИВРЕМЕН УВОЗ** | |
| | Привремен увоз на стоки заради поправка од член 97 алинеа 2 од ЦЗ | 51 |
| | Привремен увоз на стоки заради облагородување од член 97 алинеа 2 од ЦЗ (освен поправка) | 52 |
| | Привремен увоз на стоки заради облагородување од член 97 алинеа 2 од ЦЗ со употреба на истоветни (идентични) стоки од член 99 од ЦЗ | 53 |
| | Привремен увоз на стоки | 54 |
| | Привремен увоз на стоки заради облагородување во слободна зона во рамките на одобрени дејности | 56 |

Царинските постапки за потребите на статистичкото следење на стоковната размена со странство се групирани во следниве статистички постапки:

*1. Извоз*

11. Редовен извоз

13. Извоз за облагородување (пасивна доработка)

15.Извоз по облагородување (активна доработка)

*2.Увоз*

21. Редовен увоз

23. Увоз по облагородување (пасивна доработка)

25. Увоз за облагородување (активна доработка)

## ГЛАВА V

### МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ ИНДЕКСИ НА ЦЕНИ И ВОЛУМЕН НА ИЗВЕЗЕНАТА И УВЕЗЕНАТА СТОКА

### МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ

#### 1. Цел на истражувањето

Месечното следење на индексите на цени на извозот и увозот на стоки има за цел да се следи аналитички, динамиката на движењето на овие цени, која се користи во другите макроекономски истражувања во земјата. Изразот ”цени” е земен условно затоа што се работи за просечни вредности на извезената и увезената стока.

Надворешно трговските индекси се индикатори за промените во количествата и цените на извозот и увозот во однос на времето.

Една од основните причини за пресметување на индексите на цена за надворешната трговија е да се подготват дефлатори за националните сметки. Покрај тоа, индексите на цените и количините главно се користат за насочување на производството и меѓународната трговија, за споредување на националните и меѓународните серии со цени и количества, да се следат промените кај главните извезени и увезени производи во рамките на надворешната трговија.

Значајно мерило за развојот на стопанството на една земја е начинот на нејзиното тргување. Начинот на тргување е дефиниран како однос меѓу просечните цени на стоките што една земја ги извезува и просечните цени на стоките што ги увезува.

Pexp = Pexp /Pimp

Доколку се подобри начинот на тргување тоа може да биде израз на зголемената внатрешна продуктивност . Подобрувањето значи дека може да се купат повеќе странски стоки за истата количина на извезените стоки, односно се зголемува домашното богатство

Индексите за надворешна трговија можат да се базираат на податоци од истражувања за цените или од царинската документација. Во Македонија, надворешно трговските индекси се базираат на единечната вредност (од царинските декларации).

Предности од изборот на приодот со единечна вредност се:

- значително пониски трошоци при прибирањето на податоците, бидејќи не е потребна дополнително прибирање на податоци;
- јасна дефиниција на единечната вредност како однос на царинската вредност на соодветното количеството (интерпретацијата на вценитег е понекогаш нејасно);
- скоро секоја трговска трансакција е опфатена;
- главната цел на пресметката на надворешно трговските индекси е да се подготват индекси за националните сметки. Овие дефлатори треба да бидат усогласени со царинските вредности за извозот и увозот. Пресметката на индексите треба да произведе усогласени ценовни и волуменски компоненти на вредноста. Компонентата волумен ќе биде интерпретирана како промена на количеството.

Во случаевите кога предмет на интерес е количествената компонента приодот на единечната мерка има одредени содржински предности за статистичарите оптоварени со финансиски притисоци. Вредностите и единечните вредности треба да бидат усогласени Кај директните истражувања на цени тешко е да се синхронизираат соодветните податоци за цените со соодветните податоци за трговските текови.

Од друга страна, јасно е дека предноста на приодот на единечна мера не се однесува на сите групи на стоки и со тоа опфатот е ограничен..

Резултатите на пресметките се користат за согледување и анализа на динамиката на извозните и увозните цени по агрегати, за пресметување на глобалните статистички показатели како што се индекси на физичкиот обем на извозот и увозот, за изработка на концепција на долгорочна и тековна политика на развојот, за планирање и одлучување во оваа област.

Главните недостатоци се:

за големиот дел од извозот или увозот, во една статистичка ставка, постои микс од производи, што може да предизвика одвојување во развојот на цените

- количествата понекогаш недостасуваат или се премногу грубо дефинирани

- промените во квалитетот или во составот на производите од статистичката ставка се рефлектира на единечната вредност. Општо земено, со подобрување на квалитетот, индексот на единечната вредност ги преценува актуелните промени во цените.

Проблемите кои се појавуваа при пресметувањето на единечната вредност може да се надминат на следниов начин:

- а) Микс на производи

Овој приод може нема да даде задоволителни резултати за производите кои се под влијание на миксот од производи и поради тоа можно е да се подложни на недостатоците од единечната вредност. Преку внимателни анализи на турскиот материјал за податоците за надворешна трговија со цел да се избегнат значителните влијанија од овој извор на грешки многу беше постигнато. Единечните вредности подложни на недостатоците од единечната вредност се избришани од пресметките на индексите. Како резултат, за

б) Овој приод може да потфрли поради користење на груби единици на количество. Кога се случуваат големи промени во рамките на такви единици тие може да предизвикаат неточни движења кај индикаторот за промени во цените.

в) Без единица за количество

Сите стоки немаат значителна единица за количество

г) Промени во царинската тарифа по производи

Поврзувањето на производите традиционално е еден од најтешките проблеми за решавање. Старите производи се повлекуваат, старите производи се поделуваат и новите производи се вклучуваат.

Индексите се пресметуваат за (а врз основа на просечните вредности за поодделните производи според ХС);

а) група, отсек и сектор од СМТК-рев.3;

б) гранка, група и подгрупа од НКД;

ц) економска намена на производите;

д) степен на обработка на производите.

## 2. Формули за пресметување на индексите

Вредноста на еден производ се добива на следниов начин:

$V = P*Q$

каде што

V = вредност (или во апсолутни или како индекс)

P = цена (или индекс на цена)

Q = количество (или индекс на волумен)

Следнава формула го дава начинот за пресметување на единечната вредност:

$$P = \Sigma V_{it}/\Sigma Q_{it} = \Sigma P_{it} * Q_{it} / \Sigma Qit$$

$V_{it}$ = вредност на производот, набљудувана во временски интервал t

$P_{it}$ = цена на производот, набљудувана во временски интервал t

$Q_{it}$ = количество на производот, набљудувана во временски интервал t

За секој производ од царинските декларации, за временскиот интервал t, се агрегираат сите вредности од m извозни, односно увозни трансакции и соодветните количества. Потоа се делат вредностите со количествата и се добива p - единечната вредност на соодветниот производ.

**Индекси на цени (просечни вредности) на извезената и на увезената стока**

За пресметување на индексите на цени се користат формулите на Ласпер и Паше:

**Ласпер** $\mathbf{I_{p(l)} = \Sigma\, p_1 * q_0 / \Sigma\, p_0 * q_0}$

$p_1$ = цена во тековниот период
$p_0$ = цена во базен период

$q_0$ = количество во базен период

Паше $I_{p(p)} = = \Sigma\, p_1 * q_1 / \Sigma\, p_0 * q_1$

$p_1$ = цена во тековниот период

$p_0$ = цена во базен период

**$q_1$ = количество во тековен период**

Индексите се пресметуваат на две нивоа:

**I** Се внесуваат количествата и вредностите од тековниот и од базниот период. Така се добиваат $p_1$ и $p_0$ за одделни позиции од ХС. Со множење на $p_1$ и $q_0$ и $p_0$ и $q_1$ се добиваат пондерирани вредности како елемент за пресметување на индексите на цени. Имено, $p_1$ и $q_1$ и $p_0$ и $q_0$ веќе постојат - тие се вредностите од тековниот и од базниот период ($V_1$ и $V_0$). Така се добиени сите елементи за пресметување на индексите и по Ласпер и по Паше. Прво се пресметуваат индексите на цени на одделни позиции (производи) од Хармонизираниот систем на царинската тарифа, а потоа се пресметуваат агрегатни индекси на групи, сектори и отсеци од СМТК-рев.3 и на вкупниот извоз и увоз на земјата.

**II** На второто ниво на обработка се врши прегрупирање и се добиваат агрегатни индекси на цени по дејности и внатре во нив по гранки, по економска намена и по степен на преработка на производите.

Со примена на двете формули, Ласпер и Паше, се овозможува согледување на структурните промени на цените на повисоките класификациони нивоа кои се резултат на хетерогеноста на групите и варијабилитетот на одделните производи внатре во групите. Официјално се објавуваат податоци само според методот на Ласпер.

**Индекси на физичкиот обем на извозот и на увозот на стоки**

Овој индекс ја покажува динамиката на стоковната размена со странство, а ја искажува промената во количеството на стоки што биле предмет на надворешно-трговскиот промет во набљудуваниот период во однос на базниот.

Во статистиката на извозот и на увозот на стоки, индексот на физичкиот обем е изведен показател затоа што се пресметува од индексите на вредностите (вкупната вредност на извозот, односно увозот) и индексот на цените:

$Iq = Iv / Ip$

Iq = индекс на физичкиот обем
Iv = индекс на вредност
Ip = индекс на цени (Ласпер)

Индексот на вредноста се добива со ставање во однос на вредноста од тековниот период со вредноста од претходниот период:

$$Iv = V_1 / V_0 = \Sigma p_1 \bullet q_1 / \Sigma p_0 \bullet q_0$$

Индексот на цени се добива според Ласпер:

$$Ip = \Sigma p_1 \bullet q_0 / \Sigma p_0 \bullet q_0$$

Со соодветните замени во формулата за индексот на физичкиот обем на извозот-увозот на стоки, се добива:

$$Iq = Iv / Ip = \Sigma p_1 \bullet q_1 / \Sigma p_0 \bullet q_0 : \Sigma p_1 \bullet q_0 / \Sigma p_0 \bullet q_0 =$$

$$\Sigma p_1 \bullet q_1 / \Sigma p_0 \bullet q_0 \times \Sigma p_0 \bullet q_0 / \Sigma p_1 \bullet q_0 = \Sigma p_1 \bullet q_1 / \Sigma p_1 \bullet q_0$$

значи $Iq = \Sigma p_1 \bullet q_1 / \Sigma p_1 \bullet q_0$

Индексите за физичкиот обем се пресметуваат за вкупниот извоз и увоз на стоки, за одделни области од НКД, за економската намена на производите на ниво на репроматеријали, средства за работа (инвестиции) и средства за широка потрошувачка.

**Стоковна листа и корекција на податоците**

Листата на стоки кои се опфатени со пресметката на индексите е утврдена со номенклатурата на Хармонизираната царинска тарифа и тие стоки претставуваат повеќе од 75% од вредноста на вкупниот извоз односно увоз, додека кај одделни групи на СМТК рев.3 и гранки од НКД, опфатот е и поголем. Неопфатените стоки се всушност стоки кои во базниот или тековниот период не се застапени во стоковниот промет, или пак нивното количество во базниот и во тековниот период е неспоредливо. Единечната цена за таквите производи, обично, е значително над или под просечната вредност и не е веродостоен показател на реалните движења на цените на стоките во извозот и во увозот. Производите кај кои постои голем варијабилитет во квалитетот и начинот на плаќање, со што односот меѓу количеството и вредноста на ја репрезентираат просечната цена, во подолг период, исто така се елиминираат од пресметката на овие индекси. Со оглед на специфичноста и структурата на извозот и на увозот, формирани се две посебни листи на производи за кои се врши пресметка на индексите на цените, една за извозот и една за увозот на стоки.

Во индексните пресметки не се вклучени деловите од машини, уреди и апарати кои се подредени во ист тарифен став како и основниот производ, затоа што ја намалуваат хомогеноста на податоците за вредноста и за количеството. Тие сочинуваат од 0,03 до 0.06 % од вкупната вредност на извозот, односно увозот на стоки.

Корекцијата на изворните податоци се врши низ следните фази:

1. Врз основа на вредноста франко-македонска граница во денари и количеството изразено во килограми се пресметува единечната вредност $Pi = Vi / Qi$

$Pi$ = единечна вредност

$Vi$ = вредност

$Qi$ = количество

Единечната вредност за една шифра од царинската тарифа се добива со сумирање на вредностите и количествата од сите ЕЦД со исто наименување (односно шифра од царинската тарифа)

$$\mathbf{Pi = \Sigma\, Vi / \Sigma\, Qi}$$

Со помош на стандардната девијација се елиминираат сите поединечни ЕЦД, чија просечна вредност излегува од интервалите на стандардната девијација. Се изработува посебна табела со извештај за исклучените ЕЦД. Така се добива поголема хомогеност во групата.

2. Понатаму, од листата на производи се елиминираат оние производи чии индекси во однос на базниот период ги надминуваат границите на интервалот од 59,51 до 299,99 индексни поени. На тој начин од обработката се отстранува влијанието на екстремите и се постигнува подобра споредливост на вредностите и количествата за базниот и за тековниот период.

3. Се врши корекција и на кумулативните резултати. Имено, гледајќи ги индивидуалните индекси за производи, кои влегле во пресметката, се врши подетален увид во основната материја кај оние групи, отсеци и сектори од СМТК рев.3, кај гранките од НКД, кај економската намена и кај степенот на обработка на производите, каде што меѓусебните разлики во индексите на цените настанале поради хетерогениот состав на агрегатите.

**Критериуми за избор на базен период и на репрезентативни производи**

Основен предуслов за правилна пресметка на извозно-увозните индекси е да се направи правилен избор на базна година, односно период и на репрезентативен примерок базиран на Тарифната номенклатура, односно на Хармонизираниот систем. При избор на базен период треба да се избере базниот период со најголем процент на репрезентативност.

Изборот на репрезентативниот примерок се врши врз основа на тарифните позиции. При изборот на тарифните позиции кои ќе влезат во репрезентативниот примерок се применуваат главно 4 критериуми:

- првиот критериум се однесува на вредноста на тарифната позиција, односно производот, која треба да изнесува најмалку 2 милиона САД долари;

- вториот критериум се однесува на зачестеноста (фреквенцијата) на производот во текот на набљудуваниот период (година), имено соодветниот производ треба да се јавува најмалку 8 пати во текот на годината што значи 8 месеци;

- третиот критериум се однесува на хомогеноста на тарифните позиции, односно тие треба да бидат што е можно похомогени (од сличен квалитет) и поконкретни (описот да не биде премногу општ, на пр. Други текстилни производи);

- четвртиот критериум се однесува на просечната вредност на производот која не треба да варира многу од период до период и се нарекува степен на блискост кој не треба да биде помал од 50%.

Откако ќе ги утврдат овие критериуми, се врши и поединечно испитување на секоја тарифна позиција која не ги исполнува критериумите за да се утврди зошто не ги исполнува и доколку е можно да се извршат корекции во соработка со Царинската управа, со цел да се зголеми репрезентативниот примерок.

Следен чекор е утврдување на учеството на избраниот примерок за извоз и за увоз во вкупната вредност на извезената, односно увезената стока (репрезентативен процент). Вообичаено, процентот на учеството за увозот е помал од процентот на извозот, односно за извозот се движи околу 80%, а за увозот околу 60%.

По изборот на базата и репрезентативниот примерок, се преминува на самата постапка за пресметка на индексите. Постојат три начини за пресметка на индексите:

- според Ласпер;

- според Паше;

- според Фишер.

Во Државниот завод за статистика се користи формулата на Ласпер за пресметка на извозно-увозните индекси на обемот, а за пресметката на индексите на единица вредност се користи формулата на Фишер која претставува геометричка средина од формулите на Ласпер и на Паше.

Основните индекси се пресметуваат врз основа на Хармонизираниот систем - 1996 на 10 места, а потоа, со примена на соодветни пондери и врски, се пресметуваат и индекси врз основа на други номенклатури како што е СМТК, рев.3. Покрај индекси на најниско ниво, на ниво на позиција, се пресметуваат и индекси на повисоко агрегирани нивоа како што се подгрупи, групи и глави, исто така со примена на соодветни пондери (учество во вкупната вредност).

**Постапка за пресметка на увозно-извозните индекси**

Практичната пресметка се одвива по следниов редослед:

- Се избираат тарифни ставки (производи) чија вкупна вредност во текот на годината е над 100 000 САД долари. Податоците се даваат месечно;

- Се утврдува фреквенцијата на секоја ставка по месеци. Определено е критериумот да биде 7 месеци (соодветниот производ е предмет на увоз во текот на седум месеци во текот на годината);

- Се утврдува просечна вредност за 1 килограм за секој месец и потоа се пресметува просечната цена за 12-те месеци;

- Од утврдените просечни цени (единици вредност) се пресметува степенот на блискост со примена на следнава формула:

$$(Po - stdev) / Po \bullet 100$$

Po - просечна цена; stdev - стандардна девијација.

За пресметка на степенот на блискост потребно е да постои податок за просечната цена во секој месец, а доколку нема податок, тогаш тој се влече од најблискиот месец.

Критериумот е во репрезентативниот примерок да влезат сите производи чиј степен на блискост е поголем од 50%. Меѓутоа, потребно е да се изврши анализа на секоја ставка поединечно (на оние ставки кои се под 50% блискост) за да се утврди причината зошто степенот на блискост не им е задоволувачки, дали поради големата разлика во единиците на вредност во повеќе месеци или само во еден или два месеца. Ако разликата во единиците вредност е голема само поради еден или два месеца, тогаш треба да се испита да не настанала некоја грешка на ниво на декларација во соодветниот месец (пр: преголема вредност или количина), при што се пристапува кон корекција доколку е можна. Ако не е можна, тогаш во спорниот месец се влече цена од најблискиот месец и тој производ влегува во примерокот.

- Следен чекор е да се утврди учеството на избраните производи во вкупната вредност на увозот (извозот);

- Се сметаат пондери (W) за секоја ставка (учество во вкупната вредност на повисоко ниво на агрегирање на производите);

- Се пристапува кон пресметката на самите индекси врз основа на формулите:

$I = \Sigma Pi / \Sigma Po \bullet Wo$ според Ласпер

$I = \Sigma Pi / \Sigma Po \bullet Wi$ според Паше

$I = \sqrt{L*P}$ според Фишер

**Ограничувања кај индексите на цените на извозот и на увозот на стоки**

Веродостојноста и реалноста на овие индекси се ограничени од следниве причини: хетерогеноста на производите кои влегуваат во пресметката, бројот на опфатените производи, пондерациониот концепт на базните количества за одделни сложени производи од висока преработка (инвестициона опрема, бродови, авиони како и средства за потрошувачка), или, пак, ако не обезбедува адекватни агрегатни индекси за сите нивоа на кумулацијата.

Производите од една тарифна ставка на Царинската тарифа можат да бидат од различен квалитет иако се работи за исто наименување. Такви производи се, на пример, машините и соодветната опрема, стаклото и керамиката и други производи.

Од месец во месец може да се менува структурата на производите кои влегуваат во еден тарифен став, а со тоа настануваат промени во просечната вредност и покрај тоа што не настанале промени во цените на производите.

Затоа, овие индекси кои всушност се индекси на просечна вредност, во истражувањата треба да се земат со извесна резерва.

## ПРИЛОГ 1 : ИЗЛЕЗНИ ТАБЕЛИ

1. Видови на извоз (кумулативна)
2. Видови на увоз (кумулативна)
3. Извоз-увоз според претежната економска намена на производите (кумулативна)
4. Извоз-увоз според степенот на обработка на производите (кумулативна)
5. Извоз-увоз според сектори и отсеци на СМТК, рев.3 (кумулативна)
6. Извоз-увоз според дејности (корисник-производител) (кумулативна)
7. Извоз-увоз според земји на намена, односно потекло (кумулативна)
8. Извоз-увоз според економски групации на земјите дадени од ЕУ (кумулативна)
9. Извоз - редовен и лон (квартална)
10. Извоз - редовен и лон (месечна)
11. Увоз - редовен и лон (квартална)
12. Увоз - редовен и лон (месечна)
13. Извоз-увоз на производи според СМТК, рев.3 (кумулативна)
14. Извоз-увоз земја - производ (над 100000 САД$) (кумулативна)
15. Извоз-увоз земја - производ (кумулативна)
16. Извоз-увоз производ - земја (кумулативна)
17. Извоз-увоз на производи според тарифни шифри -Царинска номенклатура (кумулативна)
18. Видови на извоз (месечна)
19. Видови на увоз (месечна)
20. Извоз-увоз според сектори и отсеци на СМТК, рев.3 (месечна)
21. Извоз-увоз според претежната економска намена на производите (месечна)
22. Извоз-увоз според земји на намена, односно потекло (месечна)

За потребите на корисниците се изработуваат и други видови табели во согласност со нивните барања.

Класификации, номенклатури, методологии и стандарди - ISSN 1409-7044:

**Симетрични input-output табели во Република Македонија за 2000 година - методолошки објаснувања -** ISBN 9989-167-67-2

**Лектор:** Јасмина Ѓорѓиева

**Технички уредник:** Љубен Илиевски

**Тираж:** 100

**Страници:** 52

**Печатено** во Печатницата на Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија